РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 0102-329/2
15.08. 2022 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

# Годишна програма

## за работата на ООУ „Кирил и Методиј“ - Свети Николе





учебна 2022-2023

Август 2022

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/2019) Училишниот Одбор при ООУ ,,Кирил и Методиј “ Свети Николе на седницата одржана на ден 15.08.2022 година ја донесе следнава

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 0201-32812
15.08.2022 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

# О Д Л У К А

**За усвојување на Годишена програма за работата на ООУ ,,Кирил и Методиј “ Свети Николе во учебната 2022/2023 година**

**Член 1**

Согласно Законот за основно образование на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.161/2019), Училишниот Одбор при ООУ ,,Кирил и Методиј “ Свети Николе ја усвои Годишната програма за работата на ООУ ,,Кирил и Методиј “ Свети Николе во учебната 2022/2023 година.

Програмата за работата на училиштето ќе биде доставена до Совет на општина Свети Николе, Биро за развој на образованието и Државен просветен инспекторат на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

**Претседател**
**На Училишен Одбор при**
**ООУ ,,Кирил и Методиј “ Свети Николе**

**Милица Тосевска Апостолова**

# *Преамбула*

Годишната програма за воспитно-образовната работа на ООУ „Кирил и Методиј“ - Свети Николе е изработена врз основа на Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/2019 год.), Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, („Службен весник на РСМ “ од 6.7.2020 год.) од Министерство за образование на РСМ.

Училиштето ќе изработи План за организација, реализација, следење на реализацијата на наставата и целокупната работа на училиштето за учебна 2022/2023 година и ќе донесе одлука на Наставнички совет и Училиштен одбор на училиштето. Истиот преку Општина Свети Николе ќе биде доставен до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Создавањето подобро образование и заложбите на национално и локално ниво се усогласени во поддршка на училиштето повторно да се отвори со акцент на следниве клучни аспекти:

- безбедна училишна средина;
- подготовка на инклузивен и флексибилен наставен план и наставни практики кои одговараат на индивидуалните потреби на секое дете;
- трансформирање на училишната клима, структури и организација така што инклузијата, грижата, почитта и холистичката поддршка имаат централно место во мисијата на училиштата.

| Ред.бр. | СОДРЖИНА | Стр. |
|---|---|---|
| | **Содржина** | 2 |
| | **Вовед** | 9 |
| 1. | **Општи податоци за училиштето** | 11 |
| 1.1. | Табела со општи податоци | 11 |
| 1.2. | Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште | 12 |
| 2. | **Податоци за  условите за работа на  основното училиштето** | 13 |
| 2.1. | Мапа на училиштето | 13 |
| 2.2. | Податоци за училишниот простор | 14 |
| 2.2. | Структура на училиштето | 14 |
| 2.3. | Простор | 15 |
| 2.4. | Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“ | 16 |
| 2.5. | Податоци за училишната библиотека | 19 |
| 2.6. | План за обнобување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година | 19 |
| 3. | **Податоци за вработените и за учениците во основното училиште** | 20 |
| 3.1. | Податоци за вработените кои ја сочинуваат воспитно-образовната работа | 20 |
| 3.2. | Податоци за раководните лица | 24 |
| 3.3. | Податоци за воспитувачите | 24 |
| 3.4. | Податоци за вработените административни службеници | 24 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.5. | Податоци за вработените помошно -технички лица | 25 |
| 3.6. | Податоци за ангажираните образовни медијатори | 25 |
| 3.7. | Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар | 26 |
| 3.8. | Вкупни податоци за степенот на образование на вработените | 26 |
| 3.9. | Вкупни податоци за старосната структура на вработените | 27 |
| 3.10. | Податоци за учениците во основното училиште | 27 |
| 4. | **Материјално-финансиско работење во основното училиште** | 28 |
| 5. | **Мисија и визија** | 29 |
| 6. | **„LESSONS LEAMED“ - Веќе научено/Стекнати искуства** | 30 |
| 7. | **Подрачја на промени, приоритети и цели** | 31 |
| 7.1. | План за евалуација на акционите планови | 38 |
| 8. | **Програми и организирање на работата во основното училиште** | 41 |
| 8.1. | Календар за организација на работа во основното училиште | 41 |
| 8.2. | Поделба на класно раководство, поделба на часови на наставниот кадар, распоред на часови | 44 |
| 8.3. | Работа во смени | 48 |
| 8.4. | Јазици/јазик на кој/и се изведува наставата | 48 |
| 8.5. | Проширена програма | 48 |
| 8.6. | Комбинирани паралелки | 49 |
| 8.7. | Странски јазици што се изучуваат во основното училиште | 49 |
| 8.8. | Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од I-V одд. | 50 |

| | | |
|---|---|---|
| **8.9.** | Изборна настава | **50** |
| **8.10.** | Дополнителна настава | **51** |
| **8.11.** | Додатна настава | **52** |
| **8.12.** | Работа со надарени и талентирани ученици | **52** |
| **8.13.** | Работа со ученици со посебни образовни потреби | **56** |
| **8.14.** | Туторска поддршка на учениците | **60** |
| **8.15.** | План на образовниот медијатор | **60** |
| **9.** | **Вонаставни активности** | **61** |
| **9.1.** | Училишни спортски клубови | **61** |
| **9.2.** | Секции/клубови | **64** |
| **9.3.** | Акции | **66** |
| **10.** | **Ученичко организирање и учество** | **69** |
| **11.** | **Вонучилишни активности** | **71** |
| **11.1.** | Екскурзии, излети и настава во природа | **71** |
| **11.2.** | Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишните активности | **71** |
| **12.** | **Натпревари на учениците** | **72** |
| **13.** | **Унапредување на мултикултурализам/интеркултуларизмот и меѓуетничка интеграција** | **76** |
| **14.** | **Прокти што се реализираат во основното училиште** | **79** |
| **15.** | **Поддршка на учениците** | **81** |
| **15.1.** | Постигнување на учениците | **81** |

| | | |
|---|---|---|
| **15.2.** | Професионална ориентација на учениците | **85** |
| **15.3.** | Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација | **85** |
| **16.** | **Оценување** | **87** |
| **16.1.** | Видови оценување и календар на оценувањето | **87** |
| **16.2.** | Тим за следење, анализа и поддршка | **89** |
| **16.3.** | Стручени посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар | **89** |
| **16.4.** | Самоевалуација на училиштето | **91** |
| **17.** | **Безбедност во училиштето** | **92** |
| **18.** | **Грижа за здравјето** | **95** |
| **18.1.** | Хигиена во училиштето | **95** |
| **18.2.** | Систематски прегледи | **95** |
| **18.3.** | Вакциирање | **96** |
| **18.4.** | Едукација за здрава храна-оброк во училиштата | 96 |
| **19.** | **Училишна клима** | **97** |
| **19.1.** | Дисциплина | **97** |
| **19.2.** | Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето | **97** |
| **19.3.** | Етички кодекси | **98** |
| **19.4.** | Односи меѓу сите структури во училиштето | **98** |
| **20.** | **Професионален и кариерен  развој на воспитно-образовниот кадар** | **98** |
| **20.1.** | Детектирање на потребите и приоритетите | **98** |

| | | |
|---|---|---|
| **20.2.** | Активности за професионален развој | **99** |
| **20.3.** | Личен професионален развој | **99** |
| **20.4.** | Хоризонтално учење | **107** |
| **20.5.** | Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар | **109** |
| **21.** | **Соработка на основното училиште со родителите/старателите** | **110** |
| **21.1.** | Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето | **110** |
| **21.2.** | Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вonнаставни активности | **110** |
| **21.3.** | Едукација на родителите/старателите | **111** |
| **22.** | **Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште** | **111** |
| **23.** | **Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште** | **113** |
| **24.** | **Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште** | **113** |
| **25.** | **Заклучок** | **114** |
| **26.** | **Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште** | **115** |
| **27.** | **Користена литература** | **115** |
| | | |
| | **Прилози на годишната програма за работа на основното училиште** | |
| ► | Програма за работа на директорот | |
| ► | Програма за работа на психологот | |
| ► | Програма за работа на педагогот | |
| ► | Програма за работа на дефектологот | |

| | |
|---|---|
| ► | Програма за работа на социологот |
| ► | Програма  за работа на библиотекарот |
| ► | Програма за работа на Училишниот одбор |
| ► | Програма за работа на Советот на родители |
| ► | Програма за работа на Одделенскиот совет |
| ► | Програма за работа на Наставничкиот совет |
| ► | Програма за стручни активи |
| ► | Програма за училишниот инклузивен тим |
| ► | Програма за ангажираните образовни медијатори |
| ► | Програма за тутори |
| ► | Програма за хор и оркестар |
| ► | Програма за заедница на паралелката |
| ► | Програма за Ученичкиот парламент |
| ► | Програма за Ученичкиот правобранител |
| ► | Распоред на часови |
| ► | Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања |
| ► | Програма за воннаставни активности |
| ► | Програма за дополнителна настава |
| ► | Програма за додатна настава |
| ► | Програма за вонучилишни активности |

| | |
|---|---|
| ► | Програма за реализација на ученички натпревари |
| ► | План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите |
| ► | План за професионална ориентација на учениците |
| ► | План за промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација |
| ► | План за следење и анализа на сосотојбите со оценувањето |
| ► | План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар |
| ► | Програма за самоевалуација на училиштето |
| ► | Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди |
| ► | Распоред на дежурни наставници |
| ► | План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето |
| ► | Правилник за однесување на учениците, наставниците и родителите (во училиштето и во училишниот двор) |
| ► | Програма за професионален и кариерен развој на воспитно - образовниот кадар |
| ► | Програма за соработка на основното училиште со родителите / старателите |
| ► | Програма за соработка со локалната средина и локална заедница |
| ► | Програма за грижа на здравјето на учениците |
| ► | Програма за јавна и културна дејност на училиштето |
| ► | Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште |

## Вовед

Годишната програма за работа на ООУ „Кирил и Методиј " - Свети Николе претставува оперативен план за работа, со кој е програмирана целокупната работа во училиштето. Во овој документ, наведени се суштинските активности за учебната 2022/2023година, нивните носители и реализатори, формите и начините на работа и истиот треба ефикасно да нѐ води при реализација на истите и да придонесе за ефикасно следење на сите чинители на воспитно-образовниот процес. Годишната програма за работа, која всушност претставува краткорочен развоен документ ги опфаќа планирањата на сите активности во текот на учебната година, кои се многу важни за успешно изведување на воспитно-образовната и севкупната работа во училиштето.

Овој суштински документ треба ефикасно да нѐ води при реализација на планираните глобални активности, ефикасно следење на сите чинители на воспитно-образовниот процес, ги предвидува сите форми и начини на работа овозможени од условите во кои работи училиштето: материјално-технички, кадровски, финансиски и други услови во поширокота заедница каде егзистира училиштето. Планирањето на сите активности во текот на учебната година опфатено со Годишната програма за работа е мошне важно за успешно изведување на воспитно-образовната работа и севкупниот училиштен живот.

Тргнувајќи од горенаведеното, ООУ „Кирил и Методиј " - Свети Николе за учебната 2022/2023година изготви Годишна програма врз основа на:

- Законот за основно образование на РСМ, член 49;
- Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта на РСМ;
- Законот за работни односи на РСМ;
- Закон за јавни набавки на РСМ;
- Статутот на ООУ „Кирил и Методиј" - Свети Николе бр.0101-620/1 од 18.12.2019 година за кој е добиена согласност од Министерството за образование и наука на РСМ бр.18-216 од 02.03.2020 година;
- Систематизацијата на работни места во ООУ „Кирил и Методиј"- Свети Николе бр. 0101-519/1 од
- 01.11.2019 година, за која е добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација на РСМ бр.12/6-3720/2 од 17.10.2019 година;

- Нормативи, процедури, кодекси и други документи на ООУ „Кирил и Методиј“ - Свети Николе;
- Правилник за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште;
- Наставни планови од I до IX одделение изготвени и одобрени од Биро за развој на образованието на Р. Северна Македонија;
- Концепција за деветгодишно образование изготвена и одобрена од Биро за развој на образованието на Р. Северна Македонија;
- Развоен план на училиштето;
- Самоевалуацијата на училиштето;
- Нацрт-извештајот од интегрална евалуација;
- Извештај за финансиско работење на училиштето и записници;
- Програма за работа на училиштето од претходната година;
- Годишен извештај за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година.

ООУ „Кирил и Методиј “ - Свети Николе како дел од државниот воспитно-образовен систем со кој се уредува дејноста на основното училиште е институција од јавен интерес. Истото, преку годишната програма ќе ги реализира целите и задачите на воспитанието и образованието на Република Северна Македонија зацртани во Законот за основно образование.

Годишната програма претставува најзначаен документ за работа на училиштето. Во овој основен документ се наведени главните правци по кои треба да се движи училиштето во текот на учебната 2022/2023година. Тука се прецизирани активностите на ниво на училиште, носителите на тие активности, роковите за нивна реализација, одговорностите на училишните субјекти, како и очекуваните исходи и ефекти од нивното остварување.

# 1. Општи податоци за основното училиште

## 1.1. Табела со општи податоци

| Податоци | |
|---|---|
| **Име на основното училиште** | ООУ „Кирил и Методиј “ - Свети Николе |
| **Адреса, место, општина** | ул. Анѓел Трајчев бр. 40 - Свети Николе |
| **Телефон** | 032/443 - 110 |
| **Факс** | 032/443 - 110 |
| **Веб-страница** | http://oukirilimetodij.weebly.com |
| **Е-маил** | oukirilimetodij@yahoo.com |
| **Основано од** | Собрание на Општина Свети Николе, со Решение бр.02-1071/14 од 29.06.1973 |
| **Верификација-број на актот** | Бр.1002 – 509 од 10.06.1986 |
| **Година на изградба** | 1969 |
| **Тип на градба** | тврда |
| **Внатрешна површина на училиштето (m2)** | 3644 $m^2$ |
| **Училиштен двор (m2)** | 8785 $m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | |
| **Начин на загревање на училиштето** | Сопствено парно греење на воден систем загреван со екстра лесно масло за греење |
| **Училиштето работи во смени** | две смени |
| **Број на паралелки** | 36 |
| **Број на комбинирани паралелки** | 1 |
| **Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето** | македонски |
| **Во основното училиште има паралелки за ученици сопосебни образовни потреби** | да |
| **Во основното училиште има паралелки од музичкоучилиште** | не |
| **Во основното училиште има Ресурсен центар** | не |
| **Во основното училиште има Центар за поддршка на учењето на учениците со посебни образовни потреби** | да |
| **Други податоци карактеристични за основното училиште** | / |

## 1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

| | |
|---|---|
| **Членови на училиштен одбор (име и презиме)** | Милица Тосевска Апостолова – Претседател, претставник од Совет на родители, Кети Димкова - одделенски наставник, Дијана Душанова Тосева, - предметен наставник,Соња Петкова – предметен наставник, Каролина Андушева - претставник од Совет на родители, Катерина Јованчева — претставник од Совет на родители, Благој Коцев – претставник од Основачот |
| **Членови на советот на родители (име и презиме)** | Томислав Арсовски , Сашка Трајчева Стаменкова, Дејан Гичев, Христина Стошиќ, Снежана Мицевска, Христина Стаменкова, Катерина Иванова, Јулијана Донева, Василка Николова, Никола Донев, Емилија Стоилев, Татјана Петровска, Елена Златева, Фросина Глигоров, Весна С. Митева, Марија Серафимов, Наташа Ордева, Фросина Саздевска, Елеонора М. Илиева, Марија М. Коцева, Александра Симоновска, Фросина Трајчева, Деспина Станкова, Лазо Донев, Катерија Јованчева, Игор Манев, Милица Т. Апостолова, Ленче Динушева, Татјана Василова, Каролина Андушева, Бранкица Арсовска и родителите кои ќе бидат избрани од редот на родители на деца запишани во прво одделение |
| **Стручни активи (видови и одговорни наставници)** | **Природно-математички актив:** Верка Давчева и Маријана Строиманова<br>**Општествено-јазичен актив:** Јасмина Б. Кралева и Андријана Г. Петрушева<br>**Спортско-уметнички актив:** Александар Радев и Тони Цветковски<br>**Актив на одделенска настава:** Иле Михајловски и Катерина Стоилевска |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | Совет на одделенски наставници – вкупно 20 наставници<br>Совет на предметни наставници – вкупно 32 наставници |
| **Членови на училишниот инклузивен тим (име и презиме)** | Анета Ивановска - директор; Кате Милошевска Митев – дефектолог - специјален едукатор и рехабилитатор; Елена Велкова - педагог; Катерина Поповска - родител; Фросина Златевска - родител; Анастазија Саздова - предметен наставник; Марија И. Зафировска - одделенски наставник. |
| **Заедница на паралелката (број на ученици)** | 35 |
| **Членови на ученичкиот парламент (број на ученици,име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)** | 35 |
| **Ученички правобранител** | ќе се избере на првиот состанок на Ученичкиот параламент на почетокот на учебната година**.** |

## 2. Податоци за условите за работа на основното училиште

**2.1.** Мапа на централното основно училиште



*ПОУ „Кирил и Методиј“ во с. Долно Ѓуѓанце*

Подрачното основно училиште во с. Долно Ѓуѓанце е со бруто површина на објектот од 10364 м$^2$, вкупна површина од 2210 м² и вкупна внатрешна површина од 210 м². Во училиштето се организира и реализира воспитно-образовна работа со ученици од прво до петто одделение во комбинирана паралелка, во соодветни училници. Наставата се одвива во една смена, ја изведува наставник во одделенска настава, освен предметите англиски јазик, природни науки во петто одделение и техничко образование во петто одделение, кои ги изведуваат соодветни предметни наставници. Затоплувањето се врши со цврсто гориво - дрва.

Училиштето располага со спортски терен со реконструирано, отворено, повеќенаменско, спортско игралиште и уреден училиштен двор.

## 2.2. Податоци за училишниот простор

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | **2 училишни згради + 2 спортски сали** |
| **Број на подрачни училишта** | 1, во с. Долно Ѓуѓанце |
| **Бруто површина** | 10364 м$^2$ во централното училиште 2210 м$^2$ во подрачното училиште |
| **Нето површина** | 3579 м$^2$ во централното училиште<br>210 м$^2$ во подрачното училиште |
| **Број на спортски терени** | 1 отворен спортски терен и 2 спортски сали |
| **Број на катови** | 2 |
| **Број на училници** | 24 |
| **Број на помошни простории** | 6 во централното училиште<br>1 во подрачното училиште |
| **Училишна библиотека, медиотека** | 1 библиотека во централното училиште |
| **Начин на загревање на училиштето** | Централно училиште со топловоден систем на погон на екстра лесно масло за греење<br>Подрачното училиште во с. Долно Ѓуѓанце на цврсто гориво - дрва |

## 2.3. Простор

| Просторија | Вкупен број | Површина ($m^2$) | Состојба (се оценува од1 до 5, согласно Нормативот од 2019година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| **Училници** | 18 | 972 $m^2$ | 3 | Потребно е реконструкција на ѕидовите во подрачното училиште и промена на вратите и прозорците на училниците во подрачното училиште<br>Промена на врати, подови и ресконструкција на таваните во сите училнци |
| **Кабинети** | 8 | 432 $m^2$ | 3 | Потребно е реконструкција на кабинетите по физика и техничко образование во централното училиште |
| **Библиотека** | 1 | 25 $m^2$ | 4 | Потребна е набавка на нови лектирни изданија |
| **Медијатека** | | | | |
| **Читална** | | | | |
| **Спортска сала** | Во рамките на училиштето | 404,42$m^2$ | 3 | Потребно е молерисување на ѕидовите во спортската сала |
| | Спортска сала „Цар Самуил“ | 1001,25$m^2$ | | Потребна е замена на оштетените прозорци и реконструкција на кровните површини |
| **Канцеларии** | 8 | | 4 | Потребно е промена на канцеларискиот мебел (маси, столови и шкафови) во канцелариите во централното и подрачното училиште |
| **Училиштен двор** | 6785$m^2$ во централното училиште<br>2000$m^2$ во подрачното училиште | | 3 | Потребно е реконструкција на бетонската подлога во училишниот двор на централното училиште |
| **Заеднички простор за прослави** | / | | | |
| **Кујна** | Не е во функција | | | |
| **Трпезарија** | 1 | 25 $m^2$ | | |
| **Друго** | | | | Молерисување на ходници и реконструкција на тавани на приземје и прв кат |

## 2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| **Одделенска и предметна настава** | Philips Led телевизори со 109 cm екран – 11 броја<br>ЦД плеери -3 броја<br>Звучници – 10 броја<br>ПРОЕКТОР<br>Резолуција: SVGA 800×600<br>Светлина: 3800 ANSI<br>lumensКонтраст: 22 000:1<br>Приклучоци: HDMI; VGA; USB – 1<br>бројИНТЕРАКТИВНА СМАРТ<br>ТАБЛА -2 броја<br>ПВЦ вага за течност и тежина, за споредување и мерење на тежина и волумен на цврсти материјали и течности со мин.10 метални и 10 пластични тегови — 5 броја<br>КОНСТРУКТОРСКИ ГЕОМЕТРИСКИ ФИГУРИ<br>Од 240 парчиња во форма на триаголник, квадрат, правоаголник, петоаголник и шестоаголик во повеќе бои за конструкција на геометриски фигури --1број<br>ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ( ТРОПАЛКИ- 5 броја, ТРИАНГЛ-5 броја, ДРВЕНИ СТАПЧИЊА -5 броја, КАСКАЊЕТИ<br>- 5 броја, ЧИНЕЛИ- 5 броја, КСИЛОФОН — 1 број, ДАЈРЕ- 2 броја)<br>ПОСТЕР ТАБЕЛА 100 – 3 броја<br>54 таблети | Потребно е да се зголеми бројот на интерактивни (смарт) табли и да има во секоја училница |
| **Математика** | ШЕСТАР ДРВЕН- Дрвен со вакум и метален зглоб -1број<br>ДРВЕНИ ТЕЛА ПО ГЕОМЕТРИЈА- Пакување со 7 основни геометриски дрвени тела (мала големина) – 2 броја<br>ГЕОМЕТРИСКИ СЕТ ПЛОШТИНА НА ТЕЛА- PVC сет од 8 геометриски тела (тродимензионални) со плоштина волумен и периметар во 4 бои -1број | |
| **Физичко и здравствено образование** | ТОПКА ЗА РАКОМЕТ<br>Обем 500-520 мм Тежина 290-330 гр. – 2<br>бројаТОПКА ЗА ФУТСАЛ КОЖЕНА | Поголем број на топки за сите спортови, гимнастички душеци, нова мрежа за одбојка, перца (топчиња) за бадминтон, ѓулиња, рекети за пинг- |

| | | |
|---|---|---|
| | Обем 620-640мм Тежина 400 -440 гр -2 броја | понг и топчиња, шведски клупи<br>Потребна е континуирана набавка на застарената наставна опрема |
| **Географија и Историја** | Физичко- географска карта на Р.С.Македонија со мак.дим.157x115 см, пластифицирана врамена во најлон, соразмер 1: 200 000 -1број<br>Физичко- географска карта на Европа со мак.дим.170x162 см, пластифицирана врамена во најлон, со размер 1: 200 000 - 1број<br>Физичко- географска карта на Азија со мак.дим.167x170 см, пластифицирана врамена во најлон, со размер 1: 200 000 - 1број<br>Физичко- географска карта на Античка Македонија со мак.дим.120x155 см, пластифицирана врамена во најлон, соразмер 1: 200 000 -1број<br>Физичко- географска карта на на Северна Америка со мак.дим.82x112 см, пластифицирана врамена во најлон, соразмер 1: 200 000 -1број<br>Физичко- географска карта на на Јужна Америка со мак.дим.82x112 см, пластифицирана врамена во најлон, соразмер 1: 200 000 -1број<br>Физичко- географска карта на на Австралија со мак.дим.82x112см, пластифицирана врамена во најлон, со размер 1: 700 000 -1број | Потребна е континуирана набавка на застарената наставна опрема |
| **Географија и одделенска настава** | Физички глобус со димензии мин.Висина 42см, Пречник 30см - 1број | Потребна е континуирана набавка на застарената наставна опрема |
| **Биологија, физикаи природни науки** | МИКРОСКОП МОЛЕКУЛАРЕН<br>Зголемување 40, 100 и 400 пати<br>Со окулар (360*) и три објективи<br>Со постоље со макро и микро винт<br>Сијаличка 230V~20W – 1 број<br>МОДЕЛ НА СКЕЛЕТ 85СМ- Скелет на човек со подвижни екстремитети, поставен на самостоечка основа висина 85см – 1 број<br>Прачкаст магнет- должина 50/75/100мм – 3 броја<br>Потковичест магнет - 50/75/100мм – 3 броја<br>Компас димензија Ф-100- 1 број | Потребна е континуирана набавка на застарената наставна опрема |

| | | |
|---|---|---|
| | Динамометар: пластичен, градуиран со метална спирала за мерења до 5Н – 1-број<br>Микроскоп<br>Микроскопски<br>препарати Каширани<br>слики<br>2 хартиени постери од сетила<br>Лабораториска опрема<br>1 лупа<br>Гипсени модели на срце, бубрег, заб, колено, мозок, надворешно уво<br>Тегли со препарирани животни во формалин<br>Опремен е еден кабинет по природни науки со целосно модерна опрема за работа на ученици во лабораториски услови | |
| **Мизичко образование** | БЛОК ФЛЕЈТА – 10 броја | |
| **Македонски јазик (одделенска)** | Лектирни изданија, енциклопедии, детски списанија | Поголем број на лектирни изданија |
| **Македонски јазик (предметна)** | Лектирни изданија, енциклопедии, | Поголем број  на лектирни изданија |
| **Англиски јазик (одделенска)** | Издавачките куќи чии изданија ги користиме не снабдуваат со дидактички материјали, флеш карти, постери, книги за методиза наставници.<br>ЦД, лап топ, проектор | Изданија на книги и списанија на англиски јазикhttps://www.expresspublishing.co.uk/ и речници ( македонски англиски и обратно) |
| **Англиски јазик ( предметна)** | ЦД , лап топ,<br>проекторЦД- плеер,<br>книги во<br>библиотека | |
| **Француски и италијански јазик** | ЦД , лап топ, проектор<br>ЦД- плеер, книги<br>вобиблиотека | Потребна е континуирана набавка на застарената наставна опрема |
| **Граѓанско образование** | Прирачник по Граѓанско образование за осмо и деветто одд.,проектор и лаптоп | Потребна е континуирана набавка на застарената наставна опрема |
| **Етика** | Учебник по Етика | Етички речник |
| **Информатика** | Интернет, компјутери | Потребна е континуирана набавка на застарената наставна опрема |

| | | |
|---|---|---|
| **Иновации** | / | |
| **Физика**<br>**Хемија** | Термометар, шпиртна ламба, филтер хартија, магнетно идукциско поле, оптичка клупа, стаклено ѕвоно, барометар, волт метар, динамо метар, електроскоп, компас, комплет леќии магнетна игла. | Потребна е континуирана набавка на застарената наставна опрема |
| **Техничко образование** | 10 ножици, 10 триаголници,<br>1 чеканче, 1 клешта, 2 лемила, 1 продолжителен кабел, 1 велосипед, 10 чунови | Потребна е континуирана набавка на застарената наставна опрема |
| **Запознавање со религиите** | Учебник по предметот Запознавање со религиите, списанија | Старогрчки митови, географска карта на светот |
| **Вештини на живеење** | Нагледни средства: план за евакуација, ППЗ апарати, изработени хамери, разбојчиња за ткаење | |

## 2.5. Податоци за училишната библиотека

| Ред.број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| **1** | Вкупен број на книги | 8928 |
| **2** | Наслови | 3250 |
| **3** | Лектирни изданија по наслови | 58 |
| **4** | Број на лектири по насловни изданија | 1896 |
| **5** | Слободна литература | 1520 наслови со вкупно 6825 книги |
| **6** | Странска литература | 231 наслов со вкупно 260 книги |
| **7** | Стручна литература | 114 наслови со вкупно 260 книги |

## 2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

| Што се преуредува или обновува | Намена |
|---|---|
| Реновирање на подрачното училиште | Подобрување на условите во кои се изведува наставата, постигнување на енергетска ефикасност на објектот |
| Реновирање на централното училиште и училишниот двор | Подобрување на условите во кои се изведува наставата, постигнување на енергетска ефикасност на објектот |

## 3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

### 3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

| Ред. бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Македонка Додевска | 1989 | Дипломиран професорпо македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик | ВСС, магистер | Наставник по македонски јазик | | 0 |
| **2.** | АнастазијаСаздова | 1973 | Дипломиран професорпо македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик | ВСС | Наставник по македонски јазик | | 17 |
| **3.** | Фросина Златевска | 1983 | Дипломиран професор по македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик | ВСС | Наставник по македонски јазик | | 9 |
| **4.** | Саша Мицевска | 1980 | Дипломиран професор по англиски јазик и книжевност | ВСС | Наставник по англиски јазик | | 20 |
| **5.** | Снежана Наумова | 1970 | Дипломиран професор по англиски јазик и книжевност | ВСС, Магистер по образовен менаџмент | Наставник по англиски јазик | | 25 |
| **6.** | Горица Коцева | 1984 | Дипломиран професор по англиски јазик и книжевност | ВСС | Наставник по англиски јазик | | 13 |
| **7.** | Елена Трајкова | 1990 | Дипломиран професор по англиски јазик и книжевност | ВСС | Наставник по англиски јазик | | 3 |
| **8.** | Дијана ТосеваДушанова | 1986 | Дипломиран професор по француски јазик и книжевност | ВСС | Наставник по француски јазик | | 8 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Андријана Петрушева | 1987 | Дипломиран професор по италијански јазик и | ВСС | Наставник по италијански јазик | | 9 |
| 10. | Тодорка Ордева | 1982 | Дипломиран професор по математика | ВСС | Наставник по математика | | 11 |
| 11. | Соња Петкова | 1979 | Дипломиран професор по математика | ВСС | Наставник по математика | | 15 |
| 12. | Радица Јованова | 1991 | Дипломиран професорпо математика | ВСС | Наставник по математика | | 6 |
| 13. | Славица Панева | 1962 | Дипломиран професор по математика и физика | ВСС | Наставник по физика | | 22 |
| 14 | Весна Кралева | 1980 | Дипломиран професорпо хемија и биологија | ВСС | Наставник по биологијаи хемија | | 5 |
| 15. | Соњица Давкова | 1963 | Наставник по биологија и хемија | Виша стручна спрема | Наставник по биологија | | 25 |
| 16. | Соња Андроникова | 1972 | Диоломиран професор по биологија | ВСС | Наставник по природни науки | | 12 |
| 17. | Дејан Димовски | 1984 | Дипломиран историчар-архивист | ВСС | Наставник по историја | | 10 |
| 18. | Јасмина Бојаџиева Кралева | 1984 | Дипломиран професор по историја | ВСС | Наставник по историја | | 11 |
| 19. | Маријана Строиманова | 1981 | Дипломиран професор по географија | ВСС, Магистер по евроинтеграции и комуникации | Наставник по географија | | 12 |
| 20. | Благој Јаначков | 1992 | Дипломиран професор по географија | ВСС | Наставник по географија | | 5 |
| 21. | Кирил Трајчев | 1969 | Дипломиран професор по филозофија | ВСС | Наставик по етика | | 8 |
| 22. | Жаклина Трајанова | 1970 | Дипломиран електро инженер, КТИА | ВСС | Наставник по информатика | | 23 |
| 23. | Верка Давчева | 1984 | Дипломиран професор по информатика и техничко образование | ВСС | Наставник по техничко образование | | 11 |
| 24. | Маја Ефтимова Стојанова | 1981 | Дипломиран сликар со под отсек графички дизајн | ВСС | Наставник по ликовно образование | | 14 |
| 25. | Тони Цветковски | 1982 | Дипломиран музички педагог | ВСС | Наставник по музичко образование | | 9 |
| 26. | Александар Радев | 1982 | Дипломиран професор по | ВСС | Наставник по | | 15 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | физичко образование | | физичко и здравствено образование | | |
| **27.** | Даниела Петкова | 1982 | Дипломиран професор по физичко образование | ВСС | Наставник по физичко и здравствено образование | | 12 |
| **28.** | Виктор Трендафилов | 1988 | Дипломиран професор по ФЗО | ВСС | Наставник по ФЗО | | 3 |
| **29.** | Мики Панев | 1993 | Дипломиран професор по физичко образование | ВСС | Наставник по физичко и здравствено образование | | 0 |
| **30.** | Билјана Ладева Петровска | 1979 | Дипломиран одделенски наставник, модул англиски јазик | ВСС | Наставник по англиски јазик | | 10 |
| **31.** | Иле Михајловски | 1972 | Дипломиран одделенски наставник | Виша стручна спрема | Одделенски наставник | | 27 |
| **32.** | Билјана Јордановска | 1968 | Дипломиран наставник Предучилишна настава | ВСС | Одделенски наставник | | 19 |
| **33.** | Марија ИвановаЗафирова | 1986 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 12 |
| **34.** | Даниела Јанева | 1980 | Дипломиран педагог | ВСС | Одделенски наставник | | 15 |
| **35.** | Ружица Атанасова | 1967 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 23 |
| **36.** | Јасмина Мишева | 1977 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 18 |
| **37.** | Катерина Стоилевска | 1981 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 10 |
| **38.** | Фимка ПетковаАрапиноска | 1983 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 13 |
| **39.** | Лидија Миланова | 1964 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 22 |
| **40.** | Валерија Ивановска | 1973 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 24 |
| **41.** | Катерина Митева | 1965 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 30 |
| **42.** | Елена Гавевска | 1979 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 17 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **43.** | Наташа Трајчева | 1980 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 16 |
| **44.** | Сања Накова | 1985 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 11 |
| **45.** | Славица Конева | 1982 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 14 |
| **46.** | АлександраРисафова | 1983 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 14 |
| **47.** | Татјана Апостолова | 1969 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 26 |
| **48.** | Снежана Мишевска | 1965 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 28 |
| **49.** | Лидија Лазева | 1965 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 30 |
| **50.** | Валерија Маџова | 1980 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник | | 21 |
| **51.** | Кети Димкова | 1979 | Дипломиран одделенски наставник, модул англиски јазик | ВСС | Одделенски наставник | | 16 |
| **52.** | Елена Велкова | 1976 | Дипломиран педагог | ВСС | Педагог | | 12 |
| **53.** | Драгана Митрушева | 1995 | Специјален едукатор и рехабилитатор | ВСС | Дефектолог | | 4 |
| **54.** | Ана Пушкова Ѓоргиева | 1988 | Дипломиран психолог | ВСС | Психолог | | 7 |
| **55.** | Светлана Митрушов | 1977 | Дипломиран социолог | ВСС | Социолог | | 19 |
| **56.** | Кате Милошевска Митев | 1984 | Дипломиран дефектолог | ВСС | Дефектолог | | 5 |
| **57.** | Сања Данева | 1985 | Дипломиран професор по италијански јазик и | ВСС | Наставник по италијански јазик | | 1 |
| **58.** | Христина Салтирова | 1983 | Дипломиран професорпо македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик | ВСС | библиотекар | | 11 |

### 3.2. Податоци за раководните лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Анета Ивановска | 1974 | Дипломиран професор по македонски јазик и книжевност | ВСС | директор | | 20 |

### 3.3. Податоци за воспитувачите

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| / | | | | | | | |

### 3.4. Податоци за вработените административни службеници

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Викторија Андушова | 1985 | Дипломиран правник | ВСС | Секретар-советник | 4 год. |
| 2 | Ленче Динушева | 1978 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Благајник | 16 год. |
| 3 | Биљана Петрова | 1969 | Техничар за моделирање и креирање во текстилната индустија | ССС | Технички секретар | 27 год. |

## 3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Години настаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Јадранка Стојановска | 1962 | Неквалификуван работник | основно | хигиеничар | 29 год. |
| 2 | Лила Цветковска | 1964 | Неквалификуван работник | основно | хигиеничар | 35 год. |
| 3 | Донка Павловска | 1974 | Неквалификуван работник | основно | хигиеничар | 24 год. |
| 4 | Велика Андова | 1968 | Неквалификуван работник | основно | хигиеничар | 28 год. |
| 5 | Соња Накова | 1967 | Неквалификуван работник | основно | хигиеничар | 32 год. |
| 6 | Елена Христова | 1966 | Хемиски техничар | основно | хигиеничар | 26 год. |
| 7 | Венцо Арсовски | 1961 | Неквалификуван работник | ССС | хигиеничар | 34 год. |
| 8 | Тончо Митев | 1968 | Неквалификуван работник | основно | хигиеничар | 24 год. |
| 9 | Горан Костов | 1968 | Средно музичко училиште | ССС | чувар | 16 год. |
| 10 | Горанче Давитков | 1966 | Земјоделски техничар | ССС | хаусмајстор | 24 год. |
| 11 | Ѓорѓи Козелов | 1968 | Неквалификуван работник | основно | хигиеничар | 17 год. |
| 12 | Благој Тосевски | 1968 | Електротехничар | ССС | парноложач | 28 год. |
| 13 | Бобан Илиев | 1976 | Техничар за земјоделски машини | ССС | хигиеничар | 8 год. |
| 14 | Мишо Мишев | 1971 | Правен техничар | ССС | Економ | 19 год. |
| 15. | Виолета Николова | 1969 | Техничар за моделирање и креирање во текстилната индустија | ССС | хигиеничар | 13 год. |

## 3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

| Ред. број | Име и презиме на образовниот медијатор | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Години на стаж | Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| / | | | | | | |

## 3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 77 | 17 | 58 | | | | | | | | | | |
| Број на наставен кадар | 52 | 11 | 41 | | | | | | | | | | 1 |
| Број на воспитувачи | / | / | / | | | | | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 6 | / | 6 | | | | | | | | | | |
| Администра-тивни работници | 3 | / | 3 | | | | | | | | | | |
| Помошно-технички кадар | 15 | 8 | 7 | | | | | | | | | | |
| Директор | 1 | / | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошник директор | / | / | / | | | | | | | | | | |

## 3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии-втор циклус | 3 |
| Високо образование | 57 |
| Виша стручна спрема | 2 |
| Средно образование | 7 |
| Основно образование | 8 |

### 3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 3 |
| 31-40 | 25 |
| 41-50 | 23 |
| 51-60 | 25 |
| 61 - пензија | 1 |

### 3.10. Податоци за учениците во основното училиште

***Членови на комисија за запишување на ученици во прво одделение:***

Елена Велкова-педагог; Драгана Митрушева - дефектолог ; Елена Гавевска - одделенски наставник

| Одд. | Број на пара-лелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 3 | 62 | 36 | 26 | | | | | | | | | | |
| II | 4 | 61 | 34 | 27 | | | | | | | | | | |
| III | 4 | 58 | 22 | 36 | | | | | | | | | | |
| **I-III** | **11** | **181** | **92** | **89** | | | | | | | | | | |
| IV | 4 | 61 | 39 | 22 | | | | | | | | | | |
| V | 4 | 57 | 33 | 21 | | | | | | | | | | |
| **IV-V** | **8** | **118** | **72** | **43** | | | | | | | | | | |
| VI | 4 | 59 | 35 | 24 | | | | | | | | | | |
| VII | 3 | 58 | 34 | 23 | | | | 1 | | | | | | |
| **VI-VII** | **7** | **117** | **69** | **47** | | | | 1 | | | | | | |
| VIII | 4 | 69 | 33 | 36 | | | | | | | | | | |
| **VII-VIII** | **7** | **127** | **67** | **59** | | | | | | | | | | |
| IX | 4 | 55 | 22 | 33 | | | | | | | | | | |
| **VIII- IX** | **8** | **124** | **55** | **69** | | | | | | | | | | |
| **VI-IX** | **15** | **241** | **124** | **116** | | | | 1 | | | | | | |

## 4. Материјално-финансиско работење на основното училиште

Училиштето согласно законските прописи изработува финансиски план за наредната година кој ги опфаќа средствата од трите извори на финансирање (буџетска сметка 903, самофинасирачка сметка 787 и донаторска сметка 785). При тоа се потпира на искуството од тековната година. Предлог буџетите се презентираат и усвојуваат од страна на Училишниот одбор за потоа да бидат доставени до Општината. Сопствените приходи на училиштето не го надминуваат годишниот лимит за регистрација на ДДВ обврзник (1.000.000,00 денари). Јавните набавки се спроведуваат согласно Законот за јавни набавки, а најдоцна до 31 јануари одговорното лице го донесува и Годишниот план за јавни набавки. Јавните набавки кои го надминуваат законскиот лимит (1000 Евра) се вршат преку системот на ЕСЈН. Годишните финансиски извештаи за сите три жиро сметки се презентираат, по нив се дискутира и се усвојуваат од страна на Училишниот одбор, а потоа се доставуваат на усвојување до Советот на општината. Трошоците во финансискиот план се предвидуваат и согласно потребите на наставата (наставниот кадар доставува до директорот листи за потребните материјали и средства неопходни за изведување на наставата).

### 5. Мисија и визија

Воспитно образовната работа во ООУ “ Кирил и Методиј “ - Свети Николе ќе се состои во организирање и реализирање на квалитетна настава и давање можност за перманентно постигнување на што подобар успех кај учениците и тенденција средниот просек на успехот на училиштето да се подобрува секоја наредна година. Образованието на учениците е добро организирано во согласност со потребите на високо-образовните установи и пазарот на труд во регионот и пошироко преку реализирање на современа и флексибилна активна настава, според потребите на учениците, со примена на современа информатичка технологија. Со мисијата и визијата на училиштето сакаме да го поттикнеме индивидуалниот развој на учениците според нивните можности и способности, да градиме добри човечки односи и меѓусебна соработка со наставниот кадар, кој е подготвен преку квалитетна настава да влијае на формирање на индивидуи корисни за себе и општеството.






## 6. „LESSONS LEARNED“- Веќе научено/стекнати искуства

ООУ ,,Кирил и Методиј” - Свети Николе е образовна институција која е добро организирана, материјално-технички опремена и кадровски екипирана со развиена внатрешна и надворешна соработка и комуникација. Образованието на учениците се организира и реализира со современа и флексибилна активна настава, со примена на информатичка технологија, според потребите и можностите на основното образование. Учениците во училиштето постигнуваат висок успех и квалитетни резултати, во соработка со наставниците - ментори за учество на регионални и републички натпревари. Учениците и наставниот кадар го почитуваат куќниот ред во училиштето, кодексот на однесување и  со личен ангажман, залагање и труд го подобруваат квалитетот на работата на училиштето. Кај наставниот кадар, постои добра меѓусебна соработка и комункација како и соработка со учениците и родителите, детектирање на слабите страни кај ученикот и нивно елиминирање.

Училиштето се труди да обезбеди заштита и безбедност на учениците во сите погледи. Учениците се навремено информирани за својот напредок и успех преку описното и бројчаното оценување. Исто така, за промовирање на личните постигања на учениците, училиштето организира разни активности каде што ќе можат сите ученици без оглед на полот и личниот успех да ги покажат своите способности како што се: приредби, спортски натпревари, конкурси, учество во секции, натпревари, изложби на ученички творби и др. Современите трендови вообразованието, како одговор на крупните општествени - економски промени и брзиот техничко-технолошки развој бараат промени во организационата поставеност и начинот на работа на училиштето, се со цел воспоставување на процес на континуирано подобрување на работата на училиштата, што ќе доведе до обезбедување на квалитет во образованието. ООУ „Кирил и Методиј” - Свети Николе има долгогодишна традиција и училишна култура во воспитно-образовната дејност, претставува добро организирана, материјално-технички опремена и кадровски екипира институција. Воспитно-образовната работа во ООУ „Кирил и Методиј”- Свети Николе ќе се организира и реализира со квалитетни дидактичко-методски подготовки на раководниот и наставниот кадар за квалитетна реализација на наставните планови и програми предвидени од Министерството за образование и наука. Покрај тоа, ќе се применува висок степен на раководење, примена на современа и флексибилна активна настава, информатичка технологија во наставниот процес, квалитетно организирање и реализирање на наставата, континуиран процес на професионален развој на наставниот кадар, континуирано и објективно следење на постигнатите резултати на наставниот кадар, континуирано и објективно следење на

постигнатите резултати кај учениците, почитување на личноста на ученикот и наставникот, наградување на учениците од деветто одделение кои од прво до деветто одделение ќе бидат одлични, избор и наградување на најдобри ученици, избор и наградување на ученик на завршената генерација, наградување на учениците кои во текот на наставната година ќе постигнат успешни резултати на организираните натпревари, квалитетна педагошка евиденција и доследно споведување на одлуките, заклучоците и мислењата донесени од страна на Стручните активи, Наставнчкиот совет, Советот на родители, Училиштниот одбор, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Активирање на стручните тимови за изработка на проекти значајни за училиштето со вклучување на поголем број на ученици и наставници-ментори во изработка на проекти значајни за развој на училиштето и заедницата.

## 7. Подрачје на промени, приоритети и цели

Својата работа училиштето континуирано ја следи преку самоевалуација, а како резултат на неа и имајќи ја предвид визијата на училиштето и програмата за развој констатирана е потребата од промени во следните области во насока на подобрување и усовршување:

- Поголема вклученост на родителите во животот и работата на училиштето;
- Планирање и реализирање на повеќе воннаставни активности
- Воспоставување на поголема заемна соработка на ниво на стручни активи
- Развивање на поголема интеракција и соработка помеѓу ученик- ученик и ученик- наставник
- Професионален развој на наставниот кадар
- Зајакнување на капацитетот на ученичката заедница
- Индивидуална работа со децата со посебни образовни потреби и инклузираните уценици кои имаат наод и мислење од стручен тим
- Користење на различни начини на информирање на родителите и јавноста за активностите кои се реализираат воучилиштето;
- Збогатување на училишните библиотеки со лектири и стручна литература и нивно дигитализирање
- Набавка на нови нагледни средства потребни за успешно реализирање на наставата
- Подобрување на материјално- техничките услови во училиштето и естетско уредување.
- и други промени се со цел благовремено надминување и елиминирање на согледаните негативности, и слабости вотекот на учебната година.

## Утврдени приоритети за промени за тековната учебна година

ООУ „Кирил и Методиј“ Свети Николе за тековната учебна година со своето развојно планирање , годишниот извештај и самоевалуацијата ги утврдува следните приоритети:

- Поголема поддршка во реализирање на младински активизам во училиштето
- Меѓусебна соработка меѓу наставниците во процесот на реализирање на современа настава
- Подобрување на материјално-техничките услови во училиштето и естетско уредување.

| Задача | Активност | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице | ✓ x | Потребен буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
Во ООУ„Кирил и Методиј“ - Свети Николе има регистрирано Училиштен спортски клуб „ЛИСКА –ПОТОК“ - Свети Николе. Клубот е основан со Акт на основање од 16.2.2015 година и Решение за вршење дејност — училиштен спорт од Агенција за млади и спорт на РСМ бр.08-94/2 од 13.02.2017 година.

Во Централниот регистер на Р. Македонија е запишан со Решение од 23.02.2015 год. со ЕМБС 7018690, со деловоден бр.30720150000393, со седиште на ул. Анѓел Трајчев бр.40, Свети Николе .

Училишниот спортски клуб има донесено Статут бр.0101-258/1 од 12.08 2020 година и Програма за работа бр.0306-71/2 од 23.02.2015 год.

Училишниот спорски клуб е формиран за следниве спортови: кошарка, одбојка, голем фудбал, футсал, ракомет,

пливање, корективна гимнастика, стрелаштво, планинарење, тенис, пинг-понг, велосипедизам, скијање, лизгање и други спортови. Во рамките на спортскиот клуб се формирани следниве секции: кошарка, фудбал, одбојка, футсал, корективна гимнастика, пинг-понг.

Училишниот спортски клуб е вклучен во системот на натпревари кои се организираат од страна на Федерација научилишен спорт на Македонија.

**План на активности за реализација на училишните спортови**

| *Училишен спорт* | *Време на реализација* | *Опфатеност на ученици* | *Одговорен наставник* |
|---|---|---|---|
| **Одбојка** | Во текот на учебната година | VI, VII VIII IX одделение | **Александар Радев<br>Даниела Петкова** |
| **Пинг-понг** | Во текот на учебната година | VI, VII VIII IX одделение | **Александар Радев<br>Даниела Петкова** |
| **Футсал** | Во текот на учебната година | VI, VII VIII IX одделение | **Александар Радев<br>Виктор Трендафилов** |
| **Кошарка** | Во текот на учебната година | VI, VII VIII IX одделение | **Александар Радев<br>Даниела Петкова** |
| **Ракомет** | Во текот на учебната година | VI, VII VIII IX одделение | **Даниела Петкова<br>Мики Панев** |
| **Корективна гимнастика** | Во текот на учебната година | Од I до IX одделение | **Александар Радев<br>Даниела Петкова<br>Виктор Трендафилов<br>Мики Панев** |
| **Посета на базен** | ноември, декември | Од 2 до 9 одд. | **Александар Радев<br>Даниела Петкова<br>Виктор Трендафилов<br>Мики Панев** |
| **Посета на лизгалиште** | декември | 3-9 одд. | **Александар Радев<br>Даниела Петкова<br>Виктор Трендафилов<br>Мики Панев** |
| **Посета на зимски рекреативен центар** | **Јануари, февруари** | **3-9 одд.** | **Александар Радев<br>Даниела Петкова<br>Виктор Трендафилов<br>Мики Панев** |

Исто така, во нашето училиште наставниците планираат и реализираат и индивидуалните спортови како Пинг-понг, Велосипедизам и Атлетика (крос).

Како критериуми за вреднување на постигањата, се учества на општински, регионални и државни натпревари, во организација на Федерација на училишен спорт на Македонија, Здружението на училиштен спорт на општина Св. Николе.

**Цели на училишниот спорт** во оваа учебна година е преку разновидните спортови кои им се нудат на учениците масовно и активно да се вклучат во спортот преку училишните натпреварувања, а со тоа и да се насочат кон одреден спорт, социјализација и меѓуетничко почитување со учениците од други националности, фер-плеј однос, градење на натпреварувачкидух, формирање на цврста и здрава личност. Цели за развивање на моторните способности се: аеробна и анаеробна способност, брзина, рамнотежа, ориентација во просторот, развој на општата моторика и спречување на развивање на деформитети кај младата популација

Претседател:

Александар Радев и Даниела Петкова

## 9.2. Секции/Клубови

Учениците земаат активно учество во различни секции преку кои стекнуваат дополнителни знаења, вештини и способности и даваат придонес во одбележување на патрониот празник на училиштето, како и промовирање на училиштето во бројни активности кои ги организира општината. Со цел да се поттикне и негува љубопитноста и креативноста кај учениците, да се негува доследноста и истрајноста во извршување на задачите, да се развиваат мотивите и условите за афирмирање на личноста на ученикот, како и да се создаваат навики за правилно користење на слободното време, во училиштето се организираат слободни активности за учениците од одделенска и предметна настава. За одделенска настава слободните ученички активности ќе се организираат во рамките на паралелката при што секој одделенски раководител треба да организира две секции. Во предметна настава учениците избираат по сопствена желба која секција сакаат да ја посетуваат.

При одредување на видовите на секциите и слободните ученички активности ќе се тргне од принципот на слободен избор на учениците. Почитувајќи ги одредбите, ученикот во предметна настава може да биде најмногу во две секции во зависност од неговите интереси и способности. Одговорните наставници - реализатори изработуваат посебна програма за нивна реализација. Содржините на сите видови секции ќе се планираат и евидентираат во одделенските дневници.

*Своите афинитети и интереси учениците ќе можат да ги искажат преку работата на следните активности*:

-Слободни ученички активности за проширување на знаењата по одделни наставни предмети;

-Слободни технички активности;

-Слободни културно-уметнички активности;

-Слободни спортски активности;

Во слободните активности за проширување на знаењата по одделни предмети ќе работат следните секции во одделенска настава:

| | Вид на слободна активност | Одговорен наставник |
|---|---|---|
| **1.** | Литературна секција | I I I одд. – Фимка П. Арапиновска |
| **2.** | Математичка секција | I I I одд. – Валерија Ивановска |
| **3.** | Ликовна секција | I I I одд. – Катерина Митева |
| **4.** | Драмска секција | I I I одд. – Лидија Миланова |

Во слободните активности за проширување на знаењата по одделни предмети ќе работат следните секции во предметна настава:

| | Вид на слободна активност | Одговорен наставник |
|---|---|---|
| 1. | Литературна секција | Анастазија Саздова, Фросина Златевска |
| 2. | Драмско-рецитаторска секција | Македонка Додевска, Снежана Наумова |
| 3. | Љубители на англискиот јазик | Горица Коцева, Елена Трајкова, Саша Мицевска, Билјана П. Ладева |
| 4. | Љубители на италијанскиот јазик | Андријана Петрушева, Сања Данева |
| 5. | Љубители на францускиот јазик | Дијана Д. Тосева |
| 6. | Математичка секција | Соња Петкова, Тодорка Ордева, Радица Јованова |
| 7. | Млади хемичари | Весна Кралева |
| 8. | Млади физичари | Славица Панева |
| 9. | Млади биолози | Соњица Давкова |
| 10. | Млади еколози | Соња Андроникова |
| 11. | Историска секција | Дејан Димовски, Јасмина Б. Кралева |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Географска секција | Маријана Строиманова, Благој Јаначков |
| 13. | Сообраќајна секција | Верка Давчева |
| 14. | Спортски слободни ученички активности | Ракомет ( машки и женски)- Даниела Петкова, Мики Панев<br>Кошарка (машки и женски) — Александар Радев, Даниела Петкова<br>Мал фудбал (машки и женски)- Александар Радев, Виктор Трендафилов |
| 15. | Информатичка секција | Жаклина Трајанова |
| 16. | Географска секција | Маријана Строиманова, Благој Јаначков |
| 17. | Ликовна секција | Маја Е. Стојанова |
| 18. | Хор и оркестар | Тони Цветковски |

Одделенските наставници од I-V одделение исто така ќе реализираат секции согласно интересите на учениците.

Преку работата на секциите учениците ќе ги збогатуваат своите знаења како теоретски така и практично, а исто така ќе бидат организирани посети на организации кои остваруваат дејност од таа област.

Во почетокот на учебната година секој наставник ќе доби задолжение да формира секција и да изврши избор на ученици кои ќе членуваат во истата. При вклучувањето на учениците во секциите наставниците се раководат од принципот на доброволност и наклоност на учениците кон предметот. Но, пред сè се води сметка за оптовареноста на учениците при што е зацртано еден ученик да членува во најмногу две секции.

### 9.3. Акции

Повеќето различни програми од годишната програма за работа на училиштето овозможуваат и предвидуваат реализирање на различни манифестации, приредби, базари, хепенинзи, хуманитарни настани, еколошки акции и друг вид на акции кои ќе придонесат за поттикнување на ученичките иницијативи и ученичкиот активизам за актуелизирање а и решавање на одредени проблеми од секојдневието. За таа цел ученичкиот парламент ќе биде поттикнат и подржан во изготвување на план со кој ќе бидат планирани, ќе бидат точно одредени целите, содржината, времето на реализација, како и носителите на овие акции (настани) организирани од страна на училиштето. При изработка на планот треба да се земе во предвид и потребните средства и материјали и извори од кои ќе се добијат, а исто така за секоја организирана активност ќе се формира итим за следење на акциите.

| | |
|---|---|
| ***Септември*** | ***Приредба по повод приемот на првачињата –*** Александра Рисафова, Татјана Апостолова, Снежана Мишевска, Лидија Лазева |
| ***Октомври*** | ***Приредба по повод приемот на првачињатаво Детската светска Организација*** —Јасмина Мишева, Ружица Атанасова, Катерина Стоилевска, Даниела Јанева<br>***Одбележување на Месецот на книгата*** - библиотекар, стручна служба |
| ***Ноември*** | ***Активности на тема „Борба против болести на зависност“*** – стручни соработници, одделенски раководители на 8-мо и 9-тто одделение |
| ***Декември*** | ***Приредба по повод Нова година*** – Елена Гавевска, Наташа Трајчева, Сања Накова,Славица Конева<br>Одбележување на празникот Свети Климент Охридски – Јасмина Б. Кралева, Дејан Димовски, Кирил Трајчев, Македонка Додевска, Анастазија Саздова, Фросина Златевска, Тони Цветковски. |
| ***Март*** | ***Приредба по повод Осми март*** – ФимкаПеткова Арапиноска, Лидија Миланова, Валерија Ивановска, Катерина Митева. |
| ***Април*** | ***Активности по повод одбележувањето на празникот Велигден*** – библиотекар, стручна служба, одделенски наставници |
| ***Мај*** | ***24 Мај - Патронен празник на училиштето, свечена академија, приредба за учениците, спортски активности*** – Македонка Додевска, Анастазија Саздова, Фросина Златевска, Снежана Наумова, Тони Цветковски, Зоран Цветковски, Александар Радев, Даниела Петкова, Иле Михајловски, Маја Ефтимова Стојанова и сите одделенски наставници |
| ***Јуни*** | ***10 јуни - Хепенинг по повод завршетокот на учебната година*** - сите одделенски наставници |

| ТИМОВИ | НАСТАВНИЦИ И РОДИТЕЛИ |
|---|---|
| **Тим за планирање на екскурзии** | Валерија Ивановска, Жаклина Трајанова , Јасмина Б. Кралева, Каролина Андушева. |
| **Тим за естетско декорирање на училиштето** | Маја Е. Стојанова, Иле Михајловски, Весна Кралева, Наташа Ордева. |
| **Тим за самоевалуација и развојно планирање** | Снежана Наумова – предметен наставник, Кети Димкова - одделенски наставник, Јасмина Мишева – одделенски наставник, Елена Велкова – стручен соработник, педагог, Милица Т. Апостолова - родител |
| **Тим за следење на професионалниот развој на наставниците** | Директор, психолог, педагог, социолог, Иле Михајловски, Катерина Стоилевска, Верка Давчева, Маријана Строиманова, Андријана Петрушева, Јасмина Б. Кралева, Александар Радев, Тони Цветковски |
| **Тим за организирање на училишни натпревари** | Соња Петкова, Соња Андроникова, Тодорка Ордева, Кети Димкова, Фросина Трајчева |
| **Тим за новогодишно уредување на училиштето** | Ана Пушкова Ѓоргиева, Ленче Динушева, Радица Јованова, Дејан Димовски, Катерина Јованчева |
| **Тим за следење на можности за аплицирање на проекти** | Горица Коцева, Саша Мицевска, Снежана Наумова, Елена Трајкова, Мики Панев, Светлана Митрушов, Дијана Д.Тосева, Билјана П. Ладева |
| **Тим за инклузија** | Педагог, психолог, социолог, дефектолог, специјален едукатор и рехабилитатор,родители и наставници |
| **Тим за спортски настани и натпревари** | Александар Радев, Даниела Петкова, Виктор Трендафилов, Мики Панев |
| **Тим за активности по повод патронен празник** | Директор, Анастазија Саздова, Фросина Златевска, Снежана Наумова, Македонка Додевска, Маја Е. Стојанова, Иле Михајловски, Тони Цветковски |

## 10. Ученичко организирање и учество

Ученичката заедница на ниво на паралелка во соработка со одделенскиот раководител формира раководство на ученичката заедница.

Како новина од минатата учебна година, наместо досегашната ученичка заедница, согласно Законот за основно воспитание и образование, се формира ученички парламент. Составот на ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Од страна на сите претседатели, со тајно гласање се избира претседателот на ученичкиот парламент. Претседател на ученичкиот парламент во ООУ „Кирил и Методиј“ - Свети Николе за учебната 2022/23година ќе се избере на почетокот на учебната 2022/2023година по формирањето на заедниците на паралелките и избор на претседател за секоја паралелка.

По формирањето на ученичкиот парламент ќе се изготви програма за работа во која ќе бидат предвидени активноститеи задачите на учениците со кои ќе се овозможи да се поттикнува и развива иницијатива, да се согледаат, постават и решат заедничките проблеми, да се придонесува во организирањето и спроведувањето на културниот, забавниот и спортско-рекреативниот живот во училиштето да се соработува со наставниците, одделенските раководители и стручните работници при решавањето на проблемите поврзани со наставата.

Исто така, се избира Ученички правобранител со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение по пат на тајно гласање.

План за работа на ученичкиот парламент:

| СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|
| Избор на раководство на ученичкиот парламент | Формирање на ученички парламент и одредување на раководство | Септември |
| Предлози и мислења за донесување на програма за работа | Утврдување на приоритетите за работа на ученичката заедница | Септември |
| Донесување на програма за работа | Усвојување на програмата | Септември |
| Вклучување на ученичкиот парламент во секојдневната работа на училиштето | Присусутво на состаноците на Наставнички совет ,Совет на родители и Училишен одбор<br>-Давање на иницијативи за воннаставни активности<br>-Вклучување на ученици во работата на одределнитимови и комисии | Во текот на целата година |
| Учениците самостојно да идентификуваат состојби/потреби/проблеми кои можат да бидат решени преку ученички иницијативи | Учениците, водени од наставникот, ги утврдуваат потребите на нивното училиште или заедница, истражувале или анализирале области кои треба да се подобрат | септември- октомври |
| Учество во организирани акции, општествено корисна работа во училиштето и надвор од него | Вклучување на учениците во активностите организирани од училиштето, локалната заедницакако и организирање на активности кои<br>произлегуваат од нивните потреби и интереси.<br>Активности за уредување на ентериерот научилниците, холовите<br>Учество во подобрување на еколошкиот амбиент во училиштето | Во текот на целата година |
| Учество во организирање приредби по повод празници во училиштето и надвород него | Вклучување на учениците во општествениот и културен живот на општеството | Во текот на целата година |
| Давање предлози, сугестии за подигањена културата на живеење ( здрава исхрана, воспитание за намалување на алкохолизмот меѓу младите , ризик од сексуално преносливи болести) | Организирање на предавања, работилници според потребите на учениците | Во текот на целата година |
| Информирање за работата на ученичката заедница | Изработка на информатор (ѕиден весник) заради транспарентност од работата на ученичката заедница | Во текот на целата година |

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во учебната 2022/23год. во нашето училиште е планирано организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер, чија цел е кај учениците да се развива другарство, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата.

Според правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности Училишниот одбор со одлука формира посебен стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето. Стручниот тим го сочинуваат: директорот на училиштето, одделенски раководители или други наставници кои реализираат настава во училиштето во траење од најмалку една година. Директорот на училиштето именува раководител на екскурзијата и другите слободни активности од редот на наставниците кои реализираат настава.

Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани еднодневна наставно-научна екскурзија за учениците од III одделение, дводневна наставно-научна екскурзија со учениците од VI одделение и дводневна наставно- научна екскурзија со учениците од IX одделение.

При тоа се има предвид учениците од наведените одделенија да ги посетат оние локалитети и објекти во Р.Северна Македонија кои претходните учебни години ги немаат посетено, а кои биле организирани од страна на ООУ„Кирил и Методиј“- Свети Николе.

Стручниот тим за организирање и реализација на екскурзии под раководство на директорот на училиштето и во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности ќе ја изготви Програмата за изведување на екскурзии на учениците во учебната 2022/23година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Еднодневна екскурзија** | мај<br>III одд. | Скопје | Развивање на другарство и социјализација на учениците, стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;<br>Учениците непосредно да се запознаат соприродните одлики на Република Северна Македонија;<br>Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции. |
| **Дводневна екскурзија** | мај<br>VI одд. | Источна Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини;<br>Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетски вредности. Развивање на другарство и социјализација на учениците, стекнување наискуство за осамостојување и грижа за себе. |
| **Дводневна екскурзија** | Април IX одд. | Западна Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини,<br>Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетски вредности, развивање на другарство и социјализација на учениците, стекнување наискуство за осамостојување и грижа за себе. |

## 12. Натпревари за учениците

Учениците кои се истакнуваат со своите знаења и вештини во одредна област имаат можност истите да ги презентираат и докажат на ученичките натпревари, организирани од училиштето или надлежните институции. Развивањето на знаењата и вештините на овие учениците се реализира под менторство на наставниците од училиштето.

Натпреварите ќе се организираат со цел учениците да го развијат натпреварувачкиот дух, да се развие стремеж за постигнување повисоки вредности во културата, уметноста и спортот. Преку нив се развива и се продлабочува интересот на учениците и се воспоставува активен однос кон наставата, се прошируваат програмските основи, се продлабочуваат и се збогатуваат знаењата, се

воспоставуваат контакти со ученици од други училишта. Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.

Нашето училиште учествува на :

- училишни натпревари
- општински натпревари
- регионални натпревари
- државни натпревари
- меѓународни ученички натпревари

Учениците ќе земат учество на натпреварите кои се организираат претежно во второто полугодие од учебната година, првин на општинско ниво, а потоа на регионално и на републичко ниво. Учениците за натпревар ќе се подготвуваат на додатна настава и на слободните ученички активности. Наставниците ќе им даваат помош на учениците при изборот на литература и проверка на нивните знаења.

### *ПРОГРАМА ЗА ПОДГОТОВКА НА УЧИЛИШНИ НАТПРЕВАРИ*

**1. ПЛАН**

- Планирано реализирање на училишни натпревари по наставни предмети од 4 до 9 одд.;
- Истакнување на планот на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари;.
- Планирани активности во додатната настава со која учениците ги продлабочуваат своите знаења и вештини и се стекнуваат со поширoки сознанија;
- Навремено информирање за одржување на училишните натпревари непосредно пред нивно спроведување;
- Спроведување на натпреварите;
- Истакнување на резултатите;
- Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг.

## 2. НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ

- Навремено истакнат план на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари;
- Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците;
- Навремено истакнување на резултатите (7 дена по одржаниот натпревар);
- Усна информација за резулатите пред сите учесници во натпреварот;
- Ранг листа да се предаде на одговорниот наставник;
- Да се состави записник од реализираниот училишен натпревар.

## 3. СПРОВЕДУВАЊЕ

- Да се изготви список кои ученици ќе учествуваат на натпреварот;
- Да се избере комисија од соодветни предметни – одделенски наставници;
- Комисијата да изготви тест за спроведување на училишниот натпревар;
- Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците;
- Присуство на комисијата на самиот натпревар.

## 4. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДГОТОВКА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА НИВНО УЧЕСТВО НА ОПШТИНСКИ, РЕПУБЛИЧКИ ИЛИ ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ

- Наставникот- ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина и редовно да биде на располагање за појаснување на одредени нејаснотиии на ученикот;
- Секој наставник по соодветниот наставен предмет отвара папка во која се забележуваат подготвителните активности;
- Навремено соопштување и договор околу учеството на другите натпревари од повисок ранг.

# ПРОТОКОЛ ЗА УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ

Место на одржување на ученички натпревари: Слободна училница и училишна библиотека.

1. На натпреварот се пријавуваат ученици по сопствен избор. Исто така, одделенските - предметните наставници може да извршат избор на ученици кои ќе учествуваат во натпревари;
2. На планот кој ќе се приложи да се вметнат време на реализација (датумите на одржување) на натпреварите и да се внимава да нема совпаѓање на датуми во ист ден;
3. Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците по кој предмет ќе се организира натпреварот, кое одделение, часот на одржување и местото на одржување;
4. Комисијата за натпревари ќе биде составена од одделенските и предметните наставници;
5. Учениците кои ќе освојат 1место да бидат на соодветен начин наградени, наградите да бидат унифицирани за сите ученици;
6. Одделенскиот наставник кој бил во комисијата, а кои се горенаведени треба да изготват:

- ✓ Список на учениците кои учествувале во натпревар (три списоци), едниот список да биде вметнат во папката за соопштенија, вториот да се истакне на огласна табла (истите да бидат рангирани според бројот на освоени поени и освоено место)
- ✓ Одделенските наставници кои биле во комисијата, а кои се горенаведени треба да предадат на одговорниот на Стручен актив:
- ✓ Список на учениците кои учествувале во натпревар (трет список);
- ✓ Одговорните кои изготвуваат тестови – еден празен пример од тестот.

7. На одделенските часови учениците да бидат запознаени со протоколот и планот за училишните натпревари.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Во нашето училиште наставата се одвива на Македонски јазик и најмногубројни се Македонците, но исто така имаме ученици Роми. Но тоа не не спречува да соработуваме со други училишта со различен ентитет од нашиот, како би разменувале позитивни практики и би биле промотори на редот, мирот, сожителството, културното наследство традицијата затоа што сме свесни дека не сме само едни и единствени на просторот во кој живееме и работиме. Ние сме потполно свесни дека треба да научиме да бидеме сите сплотени, обединети и така треба да ги учиме нашите ученици и идни генерации. До претходната учебна година во нашето училиште се реализираше Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, се она што научивме и усвоивме од овој проект ќе продолжиме да го негуваме за да бидеме промотери на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата, размена на културните и верските, како и образовните вредности.

### ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

**ПРИЛОГ 1. ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН Учебна 2022/23**

**Очекуван резултат 1:**
Меѓуетничката интеграција е составен дел од годишната програма за работа на училиштата

| | **Опис на активноста** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Ресурси** | **Поддршка и следење** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1** | Креирање на акционен план со заеднички активности | ТИМ на СИТ | август | 4.1.Подрачје на планирање | / | **ТИМ на СИТ од двете училишта** |
| 1.2. | Оставрување на средби сотимовите за училишна интеграција | Тим на СИТ од ООУ„Кирил и Методиј и Тим на СИТ од ООУ„Наим Фрашери’’-Куманово | септември | 4.1.Подрачје на планирање | Финансиска поддршка | Координативно тело за МИО од општината Тимот на СИТ |
| 1.3. | Дефинирање на заеднички активности на ниво на училиште ,по повод ,,Месецот на книгата “ | Тим на СИТ од ООУ„Кирил и Методиј и Тим на СИТ од ООУ„Наим Фрашери’’-Куманово | октомври | 4.1.1Наставни и воннаставни активности | Финансиска поддршка | Координативно тело за МИО од општината Тимот на СИТ и одговорни наставници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.4. | Соработка на ниво на стручни активи (размена на идеи ,искуства ,планирања) | Тим на СИТ од ООУ„Кирил и Методиј и Тим на СИТ од ООУ„Наим Фрашери’’-Куманово ,стручните активи | ноември | 4.3Размена на искуства и информирање при планирање | Поддршка за потребни материјали | Координативно тело за МИО од општината Тимот на СИТ и одговорни наставници |
| 1.5 | Одбележување на патронот на градот „Свети Николај“ во СветиНиколе | Координативното тело на општините и Тимовите од СИТ на партнер училиштата | декември | 5.Училишна клима и промовирање на мултикултурализмот | Финансискаподдршка | Координативно тело за МИО од општината Тимот на СИТ и одговорни наставници |
| 1.6 | Одбележување на Денот на Планетата Земја-22 Април Ликовна работилница и еколошка акција Активност 1 – Вкупно 30 ученици, по 15 ученици од двете училишта,5 наставници, 5 родители | СИТ-Еко одбор на училиштето и одговорни наставници СИТ-Еко одбор на партнер училиштетои одговорни наставници | април | 4.1.1Наставни и воннаставни активности | Финансискаподдршка | Координативно тело за МИО од општината Тимот на СИТ и одговорни наставници |
| 1.7 | „Велигденски хепенинг“ | СИТ-Еко одбор на училиштето и одговорни наставници СИТ-Еко одбор на партнер училиштето и одговорнинаставници | април | 4.1.1Наставни и воннаставни активности | Финансиска подршка | Координативно тело за МИО од општината Тимот на СИТ и одговорни наставници |
| 1.8. | Учество на приредба по повод патронен празник на училиштето „Свети Кирил и Методиј“ Активност 2 – Вкупно 30 ученици, по 15 ученици од двете училишта, 5 наставници, 5 родители | Координативно тело на општината и СИТ на двете училишта | мај | 4.1.1Наставни и воннаставни активности | Финансискаподдршка | Координативно тело за МИО од општината Тимот на СИТ и одговорни наставници |

**Очекуван резултат 2:**

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различниобласти што се организираат на општинско, регионално, државно или на меѓународно ниво. Учениците работат на проекти и покренуваатиницијативи од еколошка природа. Училиштето за афирмирање на воннаставните активности соодветно ги користи различните медиуми (пр. училиштен весник, училишно радио, интернет-страница, социјални мрежи, ученичко катче и сл.).

| | Опис на активноста | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Ресурси | Поддршка и следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1. | Одбележување на Денот на Планетата Земја-22 Април Ликовна работилница и еколошка акција | СИТ-Еко одбори на училиштата и одговорни наставници | април | 4.1.1Наставни и воннаставни активности | Финансиска подршка | Координативнотело за МИО од општината Тимот на СИТ иодговорни наставници |
| 2.2. | Учество на приредба по повод патронен празник на училиштето | Координативно тело на општините и СИТ на училиштата | мај | 4.1.1Наставни и воннаставни активности | Финансиска поддршка | Координативнотело за МИО од општината Тимот на СИТ иодговорни наставници |

**Очекуван резултат 3:**

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата.

Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира и прифаќа вклучување волонтери од заедницата во наставните и во воннаставните активности. Тоа промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во пошироката средина.

| | Опис на активноста | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Ресурси | Поддршка и следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1. | Активности по повод одбележување на патронот на градот „Свети Николај“ во Свети Николе | Координативно тело на општината и СИТ на училиште | декември | 5.Училишна клима и промовирање на мултикултурализмот | Финансиска поддршка | Координативнотело за МИО од општината Тимот на СИТ иодговорни наставници |
| 3.2. | „Велигденски хепенинг“, | СИТ-Еко одбор на училиштето и одговорни наставници СИТ-Еко одбор на партнер училиштетои одговорни наставници | април | 4.1.1Наставни и воннаставни активности | Финансиска поддршка | Координативно тело за МИО од општината Тимот на СИТ и одговорни наставници |

***Тим за меѓуетничка интеграција: Снежана Мишевска, Снежана Наумова, Саша Мицевска, Соња Андроникова, Светлана Митрушов.***

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

***МИМО (меѓуетничка интеграција на младите во образованието)***

Нашето училиште е вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието кој е проект на УСАИД во Македонија,за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, спроведуван од Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО). Наставниците ќе реализираат часови со МИМО содржини. А училиштето има формирано тим кој изработи акциски план за спроведување на МИМО активностите кои ќе се реализираат во училиштето.

**Одговорен наставник за МИМО проектот е одделенскиот наставник Снежана Мишевска.**

***ЕКО проект (интеграција на еколошкото образование)***

Со оваа годишна програма се предвидува интеграција на еколошките содржини во редовниот воспитно — образовен процес со цел да се подобрат условите за престој и работа во училиштето како и да се поттикнат учениците и вработените да размислуваат и да дејствуваат еколошки.

Реализација на самата еко-програма „Интеграција на еколошкото образованиуе во македонскиот образовен сиситем вклучува релизација на еко-програма согласно 7–те чекори на еко-менцирање, застапеноста на мултикултурализмот и односите со јавноста за транспренстност во реализација на предвидените теми и еко-стандарди за оваа учебна година.

➢ На почетокот е формиран еко-одбор ( составен од ученици, настваници, родители, претставници од родители, НВО сектор, општината, бизнис сектор и технички персонал) кој ќе реализира состаноци секој месец за успешна реализација на еко-програмата.

**Одговорен наставник за ЕКО проетот е одделенскиот наставник Катерина Стоилевска.**

**План на активности учебна 2022/2023 год**. (во прилог 4 еко-стандарди)

➢ Во текот на учебната година ќе бидат реализирани еко-наставани содржини согласно 9 (девет) еко-теми (заштеда на енергија, заштеда на вода, биодиверзитет, рециклирање на отпад, транспорт, одржлив развој, здрава животна средина во училишниот двор, здрава храна, здрава животна средина во училишната зграда) преку одделенска и предметна настава во кој ќе бидат вклучени сите ученици.

➢ Во текот на реализација на наставата ќе биде направена евалуација за реализација на еко-програмата „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем“.

- За сите реализирани активности транспратено ќе се известува јавноста преку родитески средби, огласна табла, печатени медиуми преку општински информатор и електронски медуми преку ТВ Свет, радио како и националите телевизии. И оваа година ќе има изработено Еко-кодекс кој ќе биде дел од куќниот ред на работа во училиштето и зачувување на здрава животна средина.

***Проект „Компјутер за секое дете“***

Примена на ИКТ во наставата ИКТ задолжително се применува во наставата по сите предмети. Планот на часови кои ќе се реализираат со примена на ИКТ се посебно наведени во Годишните глобални и тематски планирања на наставниците, со временскиот период во кој ќе се реализираат. Со тоа се продолжуваат активностите од проектот „Компјутер за секое дете“.

***Училиште за 21 век-примена на микробит во наставата***

За реализација на овој проект беа едуцирани директорот и наставници од природно-математичката група на предмети. Целта на овој проект е да се зајакнат вештините за критичко размислување и решавање проблеми како и подобрување на дигителните вештини на учениците преку наставни и воннаставни активности. Дигиталните вештини на учениците ќе се подобрат со стекнување знаење за кодирање со користење на уредите за кодирање Микро:бит. Училиштето има добиено и одреден број на уреди за кодирање микро:бит.

***Тим на одговорни наставници за проектот - Училишта на 21 век - примена на микробити во наставата се наставниците: Жаклина Трајанова, Соња Петкова, Тодорка Ордева, Фросина Златевска, Соња Андроникова и Снежана Наумова.***

***Програма ЕРАЗМУС+***

Тимот од наставници за интернаионализација на училиштето преку учество на европски проекти изготви проект: „**WELL TRAINED TEACHERS BRING EUROPE CLOSE TO STUDENTS“ со регистерски број 2020-1-MK01-077614 од Клучна Акција КА101(мобилност на наставен кадар во училиштето ) с**о две мобилности за: 1. Обука на лица за изработка на проекти финанситрани од европските фондови за образование и мобилност ЕРАЗМУС+ и 2..Мобилност за унапредување на јазичнитекомпетенции на наставниците по англиски јазик следејќи ги современите трендови на настава за 21 век и истиот го аплицираше на повикот за апликации за проекти во месец март 2020 година. Училиштето доби известување дека проектот е прифатен , но е ставен на резервна листа на чекање во случај да се откаже некој од апликантите истиот ќе има предност за финансирање. Проектот е планиран да се реализира за две години во период од октомври 2020 до октомври 2022 година.

**Одговорен наставник за ЕРАЗМУС + програмата е предметниот наставник Снежана Наумова.**

## 15. Подршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

Во нашето училиште се води редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици.Евиденцијата се води пооделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој наставник во училиштето.

Стручната служба располага со податоци за постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди .

Просекот на среден успех на учениците од прво до трето одделение во учебната 2021/22 година изнесува **85,70% во високо ниво, 9,89 % се во средно ниво, основно ниво 4,42%, нездоволително ниво - /.**

Од 4 до 5 одделение во учебната 2021/22 година, средниот успех изнесува **4,46** и тоа 4,42 кај момчињата и 4,51 кај девојчињата.

Среден успех од 4 до 9 одделение во учебната 2021/22 година изнесува **4,29** и тоа 4,15 кај момчињата и 4,45 кај девојчињата.

Средениот успех од 6 до 9 одделение во учебната 2021/22 година изнесува **4,23** и тоа 4,14 кај момчињата, 4,36 кај девојчињата.

Бројот на изостаноци во учебната 2021/22 година изнесува **вкупно 18044.** Просекот на изостаноци изнесува 32,54 по ученик. Од вкупниот број на изостаноци **17952** се оправдани (или во просек **32,40** по ученик ), неоправдани се **92** (или **0,17** по ученик).

Сите наставници во редовна настава им обезбедија поддршка на учениците кои имаа тешкотии во учењето на учениците со посебни образовни потреби, како и на надарените и талентираните ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година наставниците реализираа дополнителна настава за ученици кои пројавуваа потешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и значајни резултати во одредена област.

Стручната служба редовно ги следеше постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и по завршувањето на основното образование.

Со цел подобрување на успехот кај учениците во училиштето се реализира и дополнителна настава за оние ученици кои имаат потешкотии во учењето. Училиштето има изготвено програма за откривање и грижа за учениците со потешкотии во учењето.

Во почетокот на учебната година стручните соработници преку разговор со одделенските натавници ги идентификуваат и евидентираат учениците со потешкотии во учењето.

-Континуирано се следи емоционалниот, социјалниот и личен развој на овие ученици преку советодавно-консултативнаработа со нив ,нивните родители и наставниците.

-По завршување на секој класификационен период се следат индивидуалните постигања, односно успехот на овиеученици.

- Со цел подобрување на емоционалниот и социјалниот статус на овие ученици училиштето соработува со релевантните институции.

Како активност со цел подобрување на намалениот успех кај одредени ученици и намалување на неоправданото изостанување кај учениците, училиштето ги повикува родителите на овие ученици на советување кај психологот.

Училиштето исто така посветува внимание на промовирање на постигнувањата на учениците преку соработка со локалните медиуми. Училиштето исто така креира политика за потикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Согласно Законот за основно образование и интерниот Правилник за наградување и пофалување на учениците, училиштето има развиено систем за наградување и пофалба на учениците и нивните ментори за постигнатиот успех. Исто такаво соработка со локалната самоуправа по повод Патрониот празник на нашиот град „Свети Николај “ и Денот на ослободувањето на општина Свети Николе -14ти септември овие ученици и нивните ментори се наградуваат со ваучер и пофалница.

Училиштето планира и реализира активности за професионална ориентација на учениците. Овие активности се со цел навремено и правилна професионална ориентација на учениците, учениците да се запознаат со видовите занимања да се информираат за условите и критериумите за упис во средните училишта, откривање на интересите и можностите на учениците и правилен избор за продолжување на образованието.

**Заради поттикнување и подобрување на ученичките постигања во учебната 2022/2023година, се планираат следниве активности:**

| Активности | Наставник | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|
| **Учество на различни ликовни и литературни конкурси во училиштето и надвор од него** | Одделенски и предметни наставници | во тек на цела учебна 2022/2023година | Поттикнување и мотивирање за учество на поголем број ученици на предвидените конкурси |
| **Доделување на награди и признанија на најуспешните ученици и промоција на нивните постигања пред претставници од локалната самоуправа, родители, претставници од други институции со кои соработува училиштето, ученици и наставници** | Одговорни наставници и директор | октомври 2022 год. јануари и јуни 2023 год. | Вклучување на што поголем број ученици за учество на различни натпревари, конкурси, манифестации и сл. |
| **Презентација на анализите за успехот и поведението на учениците од сите класификациски периоди пред членовите на Советот на родители** | Педагог и претседател на Советот на родители | ноември 2022 год. јануари, април и јуни 2023 год. | Информирање на членовите наСоветот на родители за постигањата на учениците |
| **Организирање и учество на разни интерни, општински, регионални и републички натпревари, манифестации, конкурси, квизови, креативни изработки и сл.** | Одделенски и предметни наставници | во тек на цела учебна 2022/2023година | Зголемување на учеството на учениците и промоција на постигнатите резултати пред сите заинтересирани субјекти |
| **Учество на учениците во изготвување на различни творби и презентации од областа на професионалната ориентација (ликовни творби, презентации, паноа, албуми, книги и сл.)** | Стручна служба, библиотекар и одделенски раководители на IX одделенија | април - јуни,2023 год. | Креативно и интересно вклучувањена учениците за посоодветен избор на средното училиште, според нивните желби, можности и способности |
| **Избор и доделување на награда за постигнат успех на ученикот на генерација** | Класни раководители на деветтите одделенија и тим од наставници за доделување на награди и признанија. | јуни, 2023 год. | Презентација на постигнувањата на ученикот на Наставнички совет |

**Евалуација на активностите за поддршка на учениците**

| Активности | Наставник | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|
| **Извештај од учеството на учениците на различни ликовни и литературни конкурси во училиштето и надвор од него** | Одговорен наставник од тимотза одбележување на празници | ноември, 2022 год. јануари, април и јуни2023 год. | Зголемена мотивација на учениците за учество на ликовни и литературни конкурси |
| **Изготвување на извештај од промоцијана ученичките постигања пред сите заинтересирани субјекти** | педагог | ноември, 2022 год. јануари, април и јуни2023 год. | Целосен увид за начинот на организација и реализација на предвидените активности и сознанија за идни чекори за успешна промоција на ученичките постигања |
| **Изготвување на анализи за успех и поведение на учениците за сите класификациски периоди за презентација пред членовите наСоветот на родители** | Училиштен педагог и психолог | ноември, 2022 год. јануари, април и јуни2023 год. | Посоодветно информирање на родителите за квалитетот на ученичките постигања |
| **Извештај од учество на учениците во спроведените интерни, општински, регионални и републички натпревари, манифестации, конкурси, квизови, креативни изработки и сл.** | Одделенски и предметни наставници | јуни, 2023 год. | Добиени подобри сознанија за учеството, мотивираноста и постигањата на учениците како и планирање на идни активности |
| **Проверка на интересот на учениците-учесници во активностите од ПОП со соодветна чек-листа за таа намена** | Стручна служба, библиотекар и одделенски раководители на IX одделенија | јуни, 2023 год. | Зголемена желба и интерес за учество на учениците во активностите од ПО |
| **Сумирање на бројот на доделени пофалници на најуспешните ученици по паралелки за крајот на учебната година** | Директор, стручна служба | јуни, 2023 год. | Согледување на состојбата за бројот на успешни ученици на крајот од учебната година |

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

***Тим за професионална ориентација на учениците :***

Ана Пушкова Ѓорѓиева – психолог Елена Велкова – педагог
Тодорка Ордева – одделенски раководител

Тимот за професионална ориентација на учениците има обврска да ги запознае учениците од деветто одделение со различните занимања кои се нудат, преку лични тестови за професионална ориентација се следат и откриваат учениците со специфични способности и интереси. Тимот за професионална ориентација организира средби на учениците од деветто одделение со личности со различни занимања, претставување на средни училишта, како и посета на средни училишта. Од страна на психологот се реализираат предавања и работилници за професионална ориентација.

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Во училиштето ќе се работи и на превентивни програми од неколку позначајни области како што се спречување на насилставата во училиштата, заштита на учениците од заразни болести и болести на зависност, заштита на учениците при вклучување во сообраќајот веднаш по напуштање на училиштето и безбедно пристигнување до нивните домови.

И оваа учебна година се продолжува со соработка со надлежните институции преку заеднички работилници, учество во проекти, размена на податоци која соработка треба да влијае на намалувањето на асоцијалното однесување, намалување на насилството и девијантното однесување во училиштето и надвор од него, превентивно дејствување врз болестите на зависност и сл.

Училиштето има своја училишна политика за превенција и справување со асоцијалното однесување во училиштето. Планирањето на едукативни работилници со родители, ученици и наставници за подобрување на социо-емоционалнатасостојба на учениците, вклучување на надлежните институции и експерти за определените области на дејствување Организирање на активности во училиштето како и надвор од училиштето, заеднички посети на установи, социјални активности за интеракција која е осмислена и во функција на подобрување на соработката. Исто така преку различни програми се организираат разни предавања, работилници кои ќе влијаат за намалување на болестите на зависноста.

Превентивни содржини планираат одделенските раководители кои на одделенските часови реализираат работилници за превенција од насилство, превенција од зависности - дрога, алкохол, пушење, превенција од хив и сида и превенција од заразни болести.

***Позитивна социо-емоционална клима***

Еден од предусловите за квалитетно и успешно реализирање на воспитно-образовниот процес, е креирањето на позитивна социо-емоционална клима во училиштето. Од квалитетот на работната атмосфера зависи и квалитетот на комуникацијата и интеракцијата меѓу сите релевантни субјекти во училиштето. Исто така, од училишната клима зависи ставот на децата, учењето и образованието воопшто, како и односите меѓу учениците, наставниците и родителите.

Постоењето на позитивна атмосфера во училиштето зависи од повеќе фактори и тоа:

-Личноста на наставниците и другите вработени во училиштето;

-Соодветна комуникација;

-Соработка меѓу учениците, наставниците и родителите;

-Условите за работа;

-Грижата за правилен социо-емоционален развој на учениците;

-Поддршка и мотивирање на вработените и учениците.

Во текот на оваа учебна година ќе се работи на взаемното почитување на личноста- негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување намислењата на сите; еднаквост и правичност — еднакво и без предрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите. Се планираат содржини за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот ракводител, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници, стручната служба, во соработка со родителите, содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Се планираат иинтерактивни работилници за родителите на учениците кои се вклучени во оваа програма, кои се реализираат од страна на стучната служба во училиштето.

# 16. Оценување

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Предмет на следење, проверување и оценување на воспитно-образовната дејност ќе бидат постигнатите резултати во совладувањето на воспитно- образовните содржини, работните навики, степен на заинтересираности ангажираност во учењето и практична оспособеност за примена на знаењата . Постигнувањета на учениците ќе се вреднуваат со примена на различни стратегии на оценување

Оценката треба да биде одраз на залагањето на ученикот за време на часот како и надвор од часот. За таа цел начините со кои ќе ги оцениме треба да бидат разновидни и тоа:

- ✓ Усно оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија);
- ✓ Писмено оценување (преку објективни тестови);
- ✓ Формативно оценување (за време на самите часови);
- ✓ Сумативно оценување (на полугодие и на крајот на годината).

**УСНО ОЦЕНУВАЊЕ:** Определувањето на бројчаната оценка треба да ги има во предвид постигнувањата на ученикот во однос на ***запомнување и репродуцирање*** на наставните содржини, ***разбирање и сфаќање*** на обработените содржини, односно способност на ученикот нив да ги интерпретира со свои зборови, ***примена*** на научените содржини во конкретни задачи со познати и нови елементи, како и повисоките интелектуални способности на ***анализа, синтеза и вреднување***, што подразбираат способност на ученикот за средување, комбинирање елементи во нови целини и способност за вреднување на оправданоста или наученоста на некое тврдење или дело.

**Бројчаната оценка се утврдува на следниот начин:**

- **Оценка доволен два (2)** - знаењата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање, ученикот треба да препознава од понуденото, да дефинира, да репродуцира факти, да набројува, да именува одредени поими и да го применува знаењето во наједноставни задачи,
- **Оценка добар три (3)** - знаењата на ученикот се однесуваат на разбирање и сфаќање, ученикот е исполнителен во извршување на активностите за време на часовите, способен е да интерпретира факти, да споредува и набројува, да препознава поими и факти и да го применува знаењето во едноставни задачи;
- **Оценка многу добар четири (4)** - знаењата на ученикот се однесуваат на примена на задачи од познати и нови елементи,

ученикот може да анализира факти и практично да ги применува знаењата, логички да размислува и да има свое мислење, да е постојано активен, исполнителен, редовен во учењето и обврските, да толкува, споредува, да ги разложува и илустрира со конкретни примери стекнатите знаења;

- **Оценка одличен пет (5)** - знаењата на ученикот се однесуваат на анализа, синтеза и вреднување, ученикот може да ги применува знаењата за решавање на знаења со познати и нови елементи, да е способен за логично размислување и практично применување на факти, да има изградено сопствени ставови, да е способен да систематизира и генерализира, да истражува и ги применува знаењата, да е способен да ја поврзува теоријата со практиката, да користи дополнителни извори, да поставува и одговара на прашања на разни теми.

**ПИСМЕНО ОЦЕНУВАЊЕ:** После секоја тематска целина се проверува степенот на стекнати знаења преку објективни тестови (прашања од сите 4 скалила според Блумовата таксономија, прашања со заокружување, со дополнување, со поврзување, со објаснување, со решавање и др.). За таа цел бодирањето е на следниот начин: од 30% до 50% успешност на реализираностна тестот следи оценка два (2), од 50% до 70% следи оценка три (3), од 70% до 85% оценка четири (4) и од 85% до 100% оценка пет (5).

**ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ:** Е процес кој се реализира на самите часови преку кој учениците и наставниците го согледуваат степенот на согледување на материјата, проблемите со кои се соочуваат, што треба да изменат и каде треба да се концентрираат повеќе за што поуспешно совладување на споменатото градиво.

**СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ:** Следи како резултат на сите гореспоменатите форми на оценување и се врши на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година.

Оценувањето на учениците се реализира според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН.

***Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според трипериоди:***

Учениците кои се опфатени во првиот период **I-III одделение се оценуваат со описни оценки.**
Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Учениците кои се опфатени во вториот период **IV-VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки.** На крајот од првото и третото тромесечие и првото полугодие добиваат описни оценки,а на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование.

Учениците кои се опфатени во третиот период **VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.**

Секој наставник води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Во професионалното досие на наставникот исто така се вклучени и планирањата и преземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето се формира тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето. Тимот е составен од директор, психолог , педагог и дефектолог. Тимот ја следи и проверува усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, изготвува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени на ученици го утврдува начинот на информирање на родителите и др. планирани активности. Имплементирањето на стандардите за оценување ќе се стимулира преку реализирање активности од програмите на стручните активи и континуирано следење на новитетите од БРО. Формативното и сумативното оценување се планираат и реализираат во текот на наставата преку редовно следење и вреднување на постигањата на учениците, прибирање показатели за нивните активности, ангажирање на учениците, посветеност во работата како и тимската работа.

Тимот изготвува план на следење за секој период и наставен предмет. На крајот се прави една конечна анализа на состојбата,за да се процени дали предвиденото е реализирано за да се превземаат потребните чекори.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Со програмата за работа на педагошко-психолошката служба во делот од подрачјето Следење и вреднување на воспитно-образовната работа се предвидени содржини преку кои се следи и вреднува работата на наставниците како една од компонентите на системот за евалуација на воспитно-образовниот процес во училиштето.

Во постапката на следење на работата на наставникот, педагошко-психолошката служба и наставникот ќе се сретнуваат најмалку три пати и тоа: при анализата на плановите и подготовките за работа во месец август и најмалку по еднаш во полугодие кога педагошко-психолошката служба прави посета на наставата по однапред поставени цели.

Исто така континуирано во текот на учебната година ќе се следи пополнувањето на педагошката документација и евиденцијаи за истото ќе бидат изготвени записници.

**План за следење на организацијата и реализацијата на воспитно – образовната работа:**

| Предмет и содржина | Време на реализација | соработници | форма и методи на работа |
|---|---|---|---|
| **Увид во годишните и тематските - процесни планирања наставните и воннаставните активности** | септември | педагог, психолог, едукатор рехабилитатор | **Индивидуална, групна консултации** |
| **Континуиран преглед на целокупната педагошкадокументација** | октомври јануариаприл јуни | педагог, психолог,одд. раководител | **Индивидуална, групна консултации разговори** |
| **Увид, следење, насочување и водење евиденција за изработка на дневни планирања** | месечно во текот нагодина | педагог,психоло г,наставници | **Индивидуална, групна консултации разговоринасоки давање оценка** |
| **Увид, контрола и следење на остварување на стручните, оперативно организациските матер.- техн. идидактичко- методските подгототвки за реализација на наставата и воннаст. активности** | континуирано | педагог-психолог | **Индивидуална, групна консултации разговори** |
| **Следење на реализацијата на активностите од Програмите *Математика со размислување во почетните одделенија, почетно читање, Меѓуетничка интеграција на младите во образованието, Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем, програма за антикорупциска едукација на учениците*** | континуирано | Педагог - психолог | **Индивидуална, тимска Консултации Давање насоки** |
| **Посета на часови и водење евиденција за истите како од редовната така и од часовите од СУА и дополнителна и додатна настава** | континуирано во текот на учебната година | педагог-психолог | **индивидуална, групнаразговор** |
| **Непосредна подготовка и разговор,анализа на часот и давање соодветна педагошка, дидактичка помош-организирање и изведување на индивидуални разговори, групно и друго ниво со наставници одсоодветно одд. или предмет** | во текот на учебнатагодина | педагог, психолог, наставници, советници | **Индивидуална, групна, разговор,** |
| **Иницирање, насочување на активностите за осовременување на наставата и примена на современи наставни средства** | после секоја посета на час | Педагог, психолог | **Индивидуална, групнаРазговор Размена на искуство** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поттикнување на наставниците за организирање нагледни часови и взаемно посетување на истите, од стр. на наставници** | во текот на учебнатагодина | педагог,психолог, наставници - членови на активи | **индивидуална, групна, фронтална разговор и размена на идеи** |
| **Активно следење на реализација на програмските задачи на сите стручни органи и комисии во училиштето** | **во текот на учебната година** | **одговорни лица** | **Индивидуална, групна Разговор** |

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

Комисијата за изготвување Самоевалуација на работата на ООУ „Кирил и Методиј“ - Свети Николе, за периодот од 2019 годинадо 2021 година, изврши Самоевалуација на работата во училиштето. Членови на Училишната комисија за Самоевалуација на училиштето за периодот 2019-2021 година се:

1. Снежана Наумова – предметен наставник
2. Кети Димкова - одделенски наставник
3. Јасмина Мишева – одделенски наставник
4. Елена Велкова – стручен соработник, педагог
5. Милица Т. Апостолова - претставник од Совет на родители.

Тимот ја изготви Самоевалуацијата на работата на ООУ „Кирил и Методиј“ - Свети Николе, за периодот од 2019 година до 2021 година со важност до 2023 година. Во текот на работата, СЕУ тимовите oстварија средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Исто така, беа спроведени анкети со учениците, наставниците, Директорот, стручната служба и родителите. Сите добиени податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе извештај. За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законотза основно образование, од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ. Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но,и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и

искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонынаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

## 17. Безбедност во училиштето

Просторот во училиштето е во доволна мера безбеден за изведување на настава и не претставува опасност за повредување на учениците. Сите потенцијално опасни места (електрични приклучоци, лизгави површини, струјни места, канализациски одводи и др.), се соодветно обележани и во ЦОУ и во подрачното училиште. Редовно се сервисираат и проверуваат ПП-апаратите во училиштето На влезот во училиштето, влегувањето и излегувањето на сите субјекти го надгледуваат вработените од техничкиот персонал, а за заштита на учениците и вработените во училиштето има поставено камери за видео-надзор. Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. И родителите сакаат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина и да се чувствуваат пријатно. За таа цел училиштето има изработено план за безбедност на учениците.

Симулирана евакуација со учениците и вработените во училиштето ќе се организира и спроведе за некоја природна непогода, заради проверка на подготвеноста на училиштето за соодветно постапување и реагирање во вакви ситуации. Ваквавежба ќе се реализира со цел, да се провери подготвеноста на училишниот кадар за безбедна евакуација и заштита на учениците и вработените при евентуална временска непогода или друга потенцијално опасна ситуација.

| Содржина и реализирана активност | Цели | Реализатор | Време на реализација | Ресурси | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| **Донесување и усвојување на програма за активностите на тимот за планирање** | Доделување на задолженија на членовите на тимот | Тим за планирање | Ноември 2022 | Стручна литература план и скица | **Успешна реализација на програмата и размена на искуства** |
| **Тестирање на знак (ѕвоно) потсетување на учениците** | Да се оспособат учениците за препознавање на знаците за опасност | Тим за планирање | Ноември 2022 | Ѕвоно | **Препознавање на знак ибрза реакција во случај на пожари и други елементарни непогоди** |
| **Вежбовна активност Евакуација од пожар одделенска и предметна** | Оспособување на тимот за снаоѓање вовонредна ситуација | Тим за планирање<br><br>Тим за противпожарна | Декември 2022 | Апарати за<br><br>противпожарна заштита | **Правилна и брза реакцијаво случај на пожар** |
| **Евалуација одспроведената активност** | Согледување на позитивните и негативните странина спроведените активности | Тим од одговорни наставници | Февруари 2023 | Извештај | **Отстранување нанедостатоците** |
| **Тестирање на знак(ѕвоно) потсетување научениците** | Да се оспособат учениците за препознавање на знаците за опасност | Тим за планирање | Март 2023 | Ѕвоно | **Препознавање на знак ибрза реакција во случај на пожари и други елементарни непогоди** |
| **Вежбовна активностна тим за прва медицинска помош** | Оспособување на тимот за снаоѓање вовонредни ситуации | Тим за планирање<br><br>Тим на прва медицинскапомош | Април 2023 | Медицински материјал за укажување на прва медицинска помош | **Правилна и брза рекцијана тимот** |
| **Евалуација од спроведената активност за прва медицинска помош** | Согледување на позитивните и негативните странина спроведените активности | Тим одговорни наставници | Мај 2023 | Извештај | Отстранување нанедостатоци |

Нашето училиште има изработено план за заштита од пожари и други елементарни непогоди.

**ПЛАН ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ДРУГИ ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ**

| СОДРЖИНА/АКТИВНОСТИ | ОЧЕКУВНИ ЕФЕКТИ | ВРЕМЕ |
|---|---|---|
| **Тестирање на сигналите за опасност** | Учениците да го препознаваат знакот | **Септември / октомври** |
| **Вежбовна активност против пожар** | Тимот е оспособен за акција | **ноември / април** |
| **Евалуација на спроведените активности** | Пропустите се согледани и отстранети | **Ноември / април** |
| **Вежбовна активност за Прва медицинска помош** | Практична и успешна интервенција | **октомври** |
| **Евалуација на спроведените активности** | Согледани се мерки за понатаму | **октомври** |
| **Вежбовна активност за брза евакуација од училиштето** | Тимот е оспособен за акција | **април** |
| **Евалуација на спроведените активности** | **Пропустите се согледани и отстранети** | **април** |

ЦЕЛИ:

- Изготвување на ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди.
- Обука на учениците и вработените за ефикасна постапка во време на елементарна незгода.
- Избегнување и намалување на бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација на повредените.
- Обука на наставници за укажување на прва помош

# 18. Грижа за здравјето

## 18.1. Хигиена во училиштето

Училишната средина во голема мера влијае врз правилен психофизички развој на детскиот организам. Основна цел на училишната хигиена е да го сведе на минимум негативното влијание на училишната средина врз физичкото и психичкото здравје на учениците. Сето ова се остварува со правилно одржување на сите училишни простории, во согласност со хигиенските стандарди и барања.

Грижата на училиштето за заштита и унапредување на здравјето на учениците е обврска која што се реализира во соработка со родителите, здравствената служба и пошироката заедница.

Во училиштето треба да се обезбеди беспрекорна хигиена на училишните простории:

-Редовно метење и бришење со крпа во кабинетите;

-Редовно бришење по ходниците со средства за дезинфекција и тоа кога учениците се на часови и пред и по завршување на часовите;

-За време на часовите додека учениците се во кабинетите на настава, редовно да се чистат санитарните јазли со со дезинфекциони средства;

-Редовно чистење на училишниот двор од отпад.

Два пати годишно ќе се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

## 18.2. Систематски прегледи

Систематски преглед на учениците од I, III, V, VII и IX одделение се спроведуваат - Според планот на Здравниот дом во Свети Николе. Тие опфаќаат мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на рбетен столб и локомоторен систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и доколку има потреба се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување. За сите прегледи навремено се информираат родителите, а истите се изведуваат во Здравниот дом во Свети Николе со одделенскиот раководител или предметен наставник. Систематските прегледи се извршуваат по завршувањето на часовите без да се попречува наставата.

Исто така, во соработка со Здравниот дом во Свети Николе ќе се спроведе систематски преглед и залевање на забите на учениците.

### 18.3. Вакцинирање

Вакцинација и ревакцинација се врши Според планот на Здравниот дом во Свети Николе. Опфатени се учениците според календарот за имунизација и вакцинација, одговорното лице од училиштето е одделенскиот раководител. Вакцинацијата ќе се врши во Здравниот дом во Свети Николе во присуство на родител и одделенски наставник за учениците од I до V одделение,а за учениците од VI до IX одделение во присуство на одделенскиот раководител.

Според календарот за имунизација и вакцинација, предвидено е да бидат опфатени сите ученици од 6 до 15 години кои треба да ги примат следниве вакцини:

6 години (I одделение) - мали сипаници, рубеола, заразни заушки;

7 години (II одделение) - туберкулоза, детска парализа, дифтерија, тетанус;

12 години (VI одделение) - инфекции со Хуман папилома вирус (ХПВ) (само за девојчиња);

15 години (завршна година во основното образование) - рубеола (само за девојчиња), детска парализа, дифтерија и тетанус.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во текот на учебната година ќе се организираат едукативни предавања за значењето на здравата исхрана со цел подигање на свеста кај учениците и родителите за потребата од конзумирање на здрава храна, а учениците ќе изработуваат проект на истата тема.

Во рамките на кампањата „ Здрава храна за детство без маана“ ќе бидат реализирани активности во кои активно ќе бидат вклучени учениците , наставниците и родителите и преку разни едукативни содржини, но и приготвување, дегустација ипрезентација на соодветни рецепти ќе се даде допринос за остварување на целите на самата кампања.

# 19. Училишна клима

## 19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: кодексите на однесување, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето.Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

На почетокот на учебната година одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со правилата и должностите на однесувањето. Ќе се изготви Правилник за сите должности и обврски на сите вработени и истиот се поставува на видно место во училиштето. Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите. Ќе се изготви распоред, кој без исклучок се следи и спроведува. За следењето на дисциплината за време на одморите наставниците поднесуваат дневна евиденција. Следењето на дисциплината за време на одморите се врши во ходниците, училниците, санитарните јазлии секако во училишниот двор.

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Како учениците така и сите вработени во училиштето се задолжени да допринесуваат за уредувањето на просторот во училиштето, се со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнувањена учениците за истото. Во училиштето ќе се организираат и разновидни настани чија реализација напоредно бара соодветно уредување.

Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и максимално ангажирање во воспитно- образовниот процес, затоа на истото ќе му се посветува доволно внимание. Освоените награди на учениците ќе им послужат за поттик секоја година да бидат се подобри во уредувањето на својата училница, а со тоа и во општиот изглед на училиштето.

### 19.3. Етички кодекси

Во училиштето постојат кодекси на однесување на сите субјекти кои го сочинуваат.

- Етички кодекс за наставници
- Етички кодекс за ученици
- Етички кодекс за родители
- Етички кодекс за останати вработени

Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование и истите се истакнати на видни места во училиштето,а во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат. Се дадени како прилог.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во текот на оваа учебна година ќе се работи на подобрување на комуникацијата во училиштето. За подобрување на училишната клима и односите во училиштето може да се организираат заеднички состаноци-работилници, дебати, предавања, на кои ќе се разгледуваат слабостите во комуникацијата.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-obраовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Стручното усовршување и професионалниот развој на образовниот кадар влегува во приоритетите на училиштето. Во таа насока училиштето се грижи за професионалниот развој во кој се вклучени сите одделенски и предметни наставници како и стручната служба. Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. интерно, како и надворешно усовршување кое го врши Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука и сл.

Потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, се извор за детектирање на потребите и приоритетите за професионлен развој на образовниот кадар.

Во интерес на професионалниот развој на вработените во нашето училиште по спроведената обука на наставницитеза да можат

самостојно да ги детектираа компетенциите од различни подрачја од воситно- образовната дејност за кои имаат потреба да ги развиваат и надополнуваат во функција на подобрување на воспитно-образовната работа изработена е училишна програма за професионален развој од каде училиштето ќе добива податоци и насоки за потребните обуки и семинари за наставниците.

Со утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените се планира организација и реализација на интерни обуки и дисеминации на новини кои ќе ги реализараат нашите наставници за своите колеги. Во согласност со финансиските можности на училиштето се планираат и посета на обуки кои ги одржуваат овластени обучувачи.

### 20.2. Активности за професионален развој

За наставниците училиштето ќе обезбеди присуство на најразлични работилници, обуки и семинари кои ќе понудат активности со цел стртучно усовршување на наставниците и стручната служба Притоа се изготвуваат и акциони планови, се спроведува дисеминација од претходно проследени семинари или проекти, се поднесуваат извештаи, а исто така се врши и евалуација од којашто подоцна произлегуваат потребите и приоритетите за понатамошни активности за стручно усовршувањеи професионален развој. Тука значаеан дел земаат советувањата и стручните подготовки од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други стручни институции од областа на воспитно-образовниот процес.

### 20.3. Личен професионален развој

## УЧИЛИШНА ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

***ООУ„Кирил и Методиј”- Свети Николе учебна 2022/2023 год.***

Професионалниот развој на наставниците е долгорочен интегративен процес во кој преку учење, практична работа и истражувачки активности се развиваат и унапредуваат нивните знаења, вештини и способности. Професионалниот развој на наставниците во основа е процес на унапредување на вештините и компетенциите со цел унапредување на квалитетот на наставата, како и учењето и постигнувањата на учениците.

Унапредувањето на основните професионални компетенции на наставниците опфаќаат професионални вредности, професионални знаења и разбирања и професионални способности и вештини во следните подрачја:

- ✓ Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем;
- ✓ Поучување и учење (планирање и подготовка на наставата, реализација на наставата, оценување на учениците, познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби);

- ✓ Создавање на стимулативна средина за учење (создавање на безбедна средина за учење и училишна клима);
- ✓ Социјална и образовна инклузија;
- ✓ Комуникација и соработка со семејството и заедницата и
- ✓ Професионален развој и професионална соработка.

Наставниците и стручните соработници изработуваат личен план за професионален развој за секоја учебна година врз основа на самоевалуацијата во однос на основните професионални компетенции, резултатите од интегралната евалуација, оценувањата на знаењата на учениците, извештаите од посети на советници од Бирото за развој на образованието, како и други сознанија за сопствената работа.

Училишната програма за професионален развој ги опфаќа потребите на образовниот кадар детектирани од извештаите на стручните активи и индивидуалните планови за професионален развој на наставниците, како и приоритетите за професионален развој на училиштето. Професионалното усовршување ќе се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од министерството, и со посебен акцент на интерно стручно усовршување во училиштето, регионални колаборативни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење.

| Компетенции | Тема/Наслов/ Носител | Активности и форми на професионален развој | Очекувани исходи | Вид на проф. развој | Потребни ресурси | Учесници (Име и презиме) | Улога на учесниците | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Подрачје 1 Работа со ученици*<br><br>*Подподрачје 1.2Следење и подржка на развојот на учениците* | Следење и поддршка на развојот<br><br>на учениците; | Користење на стручна литерараура<br><br>Обука<br><br>Организирање на наставни содржини согласно клучните поими и поставените цели | Подобрување на лични вештини<br><br>Проширување на знаењата<br><br>Стекнување методи и техники за работа | интерен во рамките на стручните активи и надворешен – семинари, обуки | - Соработка со стручна служба,соработка со родители,употреба на бележник | Специјален едукатор и рехабилитатор | учесници | Септември 2022 –јуни 2023 |
| *Подрачје 1*<br><br>*Работа со ученици*<br><br>*Подподрачје1.5* | Ги потикнувам и подржувам учениците да се пријавуваат на конкурси и натпревари | Користење на стручна литература и размена на искази со колеги и стручна служба<br>Соработка со учениците<br>Соработка со други институции (градска библиотека) | Поголем напредок и мотивираност кај учениците, зголемување на интересот за учество на натпревари и конкурси | интерен во рамките на стручните активи и надворешен – семинари, обуки | - Финансиски средства за обука | библиотекар | учесници | Септември 2022 –јуни 2023 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Работа со ученици*** ***1. Изработка на индивидуални образовни планови.*** ***2.Подготовка, приспособување, предлагање и примена на соодветни стратегии за поучување*** | Ја познава предметната материја на која ги поучува учениците и знае како таа е поврзана со другите наставни предмети | -Соработка со семејството на ученикот со ПОП, -Размена на искуства со наставниците во училиштето кои работат веќе со вакви ученици -Разговор со психолог, педагог, дефектолог -Користење на инклузивни стратегии за учење | Насочување на учениците да користат современи сознанија, поголема стимулација за истражување и учење, внесување иновации, зголемување на ефикасноста при учењето... | интерен во рамките на стручните активи и надворешен – семинари, обуки | - Финансиски средства за обука | стручна служба: педагог, социолог, психолог, | Учесници | Септември 2022 –јуни 2023 |
| ***2.1.1 Работа со наставници*** | Давање стручна поддршка на наставниците за користење различни извори на знаења (мултимедијални содржини, книги итн.) | Соработка со наставниот кадар, упатување на наставниците за користење на мултимедијални содржини | Мотивирање на наставниците за користење различни извори на знаења | интерен во рамките на стручните активи и надворешен – семинари, обуки | Стручна литература, таблети | библиотекар | учесник | Септември 2022 –јуни 2023 |
| ***II.2*** ***Унапредување на меѓучовечки односи*** | Воспоставувам и одржувам клима и култура кои го поддржуваат вклучувањето на вработените во донесување одлуки, поставување цели и креирање промени. | Различни методи и техники за мотивација, преговарање и посредување, Конструктивни предлози што ги мотивираат вработените дополнително да се ангажираат | Зголемување на самодоверба и подобра комуникација кај вработените Поголемо задоволство, мотивираност за креативност во работа и одговорност во извршување на работните задачи | интерен и надворешен – семинари, обуки | Стручна служба Стручна литература и прирачници Соработка со други училишта | директор | учесници | Септември 2022 –јуни 2023 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***II.2 Учествува во процесот на идентификација на специфичните образовни потреби стручната служба заедно со користење различни методи за диференцијација и индивидуализација на наставата.*** | 1.Осмислувањ е начини за поттикнување на посебните способности на надарените ученици. | Стручна литература, размена на искуства преку учество на состаноци со „Здружение на педагози“<br>-Обука за поттикнување на посебните способности на надарените ученици | Зголемена поддршка и подигање на свеста кај учениците за истакнување на сопствените способности, мотивирање на наставниците за откривање и работа со надарени ученици. | надворешен | - Материјални и финансискисредства | стручна служба: педагог, социолог, психолог, | учесници | Септември2022– јуни 2023 |
| ***III.2 Едукација на родители*** | Организирање на едукативни средби или работлиници со родители (пр. Развојни карактериситки на деца, карактеристики на учење, мотивација за учење и јакнење на самодоверба) | Вклучување на семејствата во планирање на активности на паралелката<br><br>Поттикнување и учество во едукација на родители | Поголема информираност<br><br>Подобрување на компетенции | интерен | Давање на стручна литература<br>Градење стратегии за соработка со семејствата | Специјален едукатор и рехабилитатор | учесници | Септември2022– јуни 2023 |
| ***III.2.5 Организирање на учениците во заеднички активности каде до израз доаѓа меѓуврсничката соработка*** | Организирање на едукативни средби и работилници со учениците за меѓуврсничка соработка | . -Ги потикнувам учениците на соработка;<br><br>-Ги вклучувам во носењето одлуки во училиштето;<br><br>-Придонесувам за развој на чувство на припадност кон училиштето; | -Примена на стекнатите знаења;<br><br>-Развивање на соработката;<br><br>-Создавање на поголеми работни навики и одговорности во извршувањето на работните задачи;<br><br>-Стекнувања на нови знаења и размена на искуства;<br><br>-Поголем развој на карактерот на учениците. | интерен во рамките на стручните активи и надворешен – семинари, обуки | - Финансиски средства за обука | наставници | Учесници | Септември2022– јуни 2023 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Подрачје3: Создавање стимулативна средина за учење*** <br><br> ***Подподрачје3.2УЧИЛИШНА КЛИМА*** | Воспоставувам систем за поддршка на наставници и ученици и систем што обезбедува сите ученици, вклучувајки ги и учениците со посебни образовни потреби да се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето. | Ги промовирам вредностите на училиштето заедно со вработените, учениците и преку соработка со родителите на разни средби, дебати,предавања, работилници и слично. Обезбедувам услови за реализација на активности од областа на инклузија, мултикултурализам,меѓуетничка интеграција и сл. | Позитивна клима за работа и задоволство од сработеното со што сите се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето <br><br> Позитивна атмосфера во сите сегменти на работењето на училиштето <br><br> Култура на транспарентност и одговорност | интерен и надворешен – семинари, обуки | Соработка со сите структури во училиштето и локална заедница <br> Семинари и обуки | директор | учесници | Септември 2022 –јуни 2023 |
| ***IV.1.3*** <br><br> ***Социјална и образовна инклузија*** | Применувам инклузивни стратегии за учење и поучување | Користење на стручна литература и размена на искази со колеги <br> Присуство на отворен час или обука <br> Ќе водам дневник на активности | Поголем напредок и мотивираност кај учениците, спроведување на поквалитетна настава прилагодена спрема можностите на учениците | стручните активи и надворешен – | - Финансиски средства за обука,стручна литература | наставници | Учесници | Септември 2022 –јуни 2023 |
| ***IV.1.5*** <br> ***Социјална и образовна инклузија*** | Реализирање инклузивни активности во училиштето | -Ги идентификувам специфичните образовни потреби; <br><br> -Користам инклузивни стратегии за учење и поучување ; <br><br> -Изработувам наставни средства за инклузивна работа; <br><br> -Размена на искуства со наставниците од други училишта; <br><br> -Посета на семинари и обуки за инклузивна работа. | -Подобрување на моите вештини и способности за инклузивното знаење и образование ; <br><br> -Поставување на цели во наставата според индивидуалните карактеристики и потреби на учениците <br><br> -Практична примена на стекнатите знаења во наставниот процес <br><br> -Постигнување на подобри резултати, успех и вештини кај учениците со посебни образовни потреби | интерен во рамките на училиштето– семинари, обуки | -Финансиски средства; <br> терна и екстерна обука и средби со колеги ; | наставници | учесници | Септември 2022 –јуни 2023 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***IV. 1.10 Социјална и образовна инклузија*** | Правам професионално ориентирање на учениците со посебни образовни потреби | Користење на стручна литература и размена на искази со колеги и стручна служба | Зголемување на искуството како наставник и спроведување на поквалитетна и покреативна настава прилагодена спрема можностите на учениците | интерен во рамките на училиштето– семинари, обуки | Соработка со стручен актив или посета на обука од надворешен провајдер | наставници | учесници | Септември 2022 –јуни 2023 |
| ***V.1.2 Комуникација и соработка со семејството и заедницата*** | Ги вклучувам семејствата и претставниците од локалната заедница во процесот на поучување | Размена на искуства со колеги и стручен актив<br><br>Размена на искуства со стручна служба | Поголема соработка со родителите и претставниците на локалната заедница, поголема транспарентност и поквалитетна примена на активностите во наставата со инволвираност на претставници од родителите и локалната заедница. | интерен во рамките на училиштето– | Состаноци со колеги и стручни соработници | наставници | учесници | Септември 2022 –јуни 2023 |
| ***V. 1. Професионален развој и професионална соработка*** | Личен професионален развој | Соработка со колеги, социјални мрежи и сл<br>Внесување иновации во работата и проценка на нивна ефективност<br>Практична примена нановини од струка | Можност за поголема соработка и професионален развој<br><br>Надградување на личноста и досегашните нејзини постигнувања<br><br>Зголемена самодоверба | интерен во рамките на стручните активи и надворешен – семинари, обуки | материјали и стручна литература | Наставник-Специјален едукатор и рехабилитатор | учесници | Септември 2022 – јуни 2023 |
| ***Подрачје 5 – Комуникација и соработка со семејството и заедницата*** | Планирање, реализирање и следење на активности кои промовираат интеркултурно образование согласно спецификите на локалната средина | Соработка со стручен актив<br><br>Соработка со родителите<br><br>Соработка со институции од локалата<br><br>Посети, реализација на наставни и воннаставни активности | Ефективни механизми за комуникација и континуирано унапредување на соработката со семејството<br><br>Вклучување на родители во одделни сегменти од воспитно-образовен процес | интерен и надворешен – семинари, обуки | Реализирање на превентивни, хуманитарни и културни активности на локална заедница | директор | учесници | Септември 2022 –јуни 2023 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***VI.2.1*** <br><br> ***Професионален развој и професионална соработка*** | Идентификување и предлагање теми за обука во училиштето | -Ги следам промените во наставната област и новините во образовниот систем; <br><br> - потикнувам за реализирање на обуки во училиштето; <br><br> -ги вклучувам новините во својата работа. | --Реализирани обуки во училиштето; <br><br> -Вклучени новини во работата | интерен и надворешен – семинари, обуки | - Финансиски средства за обука говор со колегите од активот за спроведување на истражувањето; | наставници | учесници | Септември 2022 –јуни 2023 |
| ***V.2.6*** <br><br> ***Професионален развој и професионална соработка*** | Селектирање (во соработка со наставниците) на образовните ресурси подготвени од наставниците, нивно организирање, чување и презентирање | Соработка со наставниците | Поголема организираност, побрз пристап кон ресурсите. | интерен и надворешен семинари, обуки | Финансиски средства | библиотекар | учесници | Септември 2022 –јуни 2023 |
| ***VI.2*** <br><br> ***Аналитичко – истражувачка работа*** | Изработка на издржливи проекти и пополнување на апликации за грантови, донации | -Обука за изработка на проекти, следење на фондации, донатори, конкурси од МОН и ЕУ, амбасади и др. --Собирање на податоци и изработка на фискална конструкција, аплицирање, реализација | Одобрени проекти, грантови, донации. <br><br> Подобрена стимулативна и безбедна средина за учење. <br><br> Подобри резултати кај учениците, <br><br> Намалени изостаноци | интерен и надворешен – семинари, обуки | Финансиски средства | стручна служба: педагог, социолог, психолог | учесници | Септември 2022 –јуни 2023 |

| АКТИВНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Планирана програмска активност*** | ***Време на реализација*** | ***Реализатор*** | ***Извори / ресурси*** | ***Методи и постапки*** | ***Очекувани ефекти*** |
| Реализација на нагледни часови | IX - VI 2022/23 | Стручни активи | Дневни подготовки, наставни ливчиња, изработки на учениците | Следење, вреднување, оценување | Наставниците ја презентираат својата работа со примена на нови методи при креирање на современите планирања и реализација на наставни содржини |
| Задолжителни дисеминации | Во текот на учебната година | Наставници | ЛЦД, план на работа | Интерна обука | Стручно усовршување на наставникот кадар |
| Следење на професионалниот развој на наставниците | IX 2022 до VII 2023 | Тим за професионален развој<br>Директор<br>Психолог | Документација за професионален развој<br>Наставничко портфолио | Увид во Наставничко портфолио | Зголемување на мотивираноста кај наставниците за нивниот континуиран професионален развој. Унапредување на професионалната стручност |
| Анализи на успешност и редовност во водење на педагошка документација и евиденција | II-V 2023 | Тим за профеcио-нален развој<br>Директор<br>Стручни активи | Педагошка документација и евиденција | Увид во педагошка евиденција н документација | Намалување на пропусти и грешки во водење на педагошка документација и евиденција. Унапредување на работата на наставниците |
| Посета на семинари, конгреси, обуки и стручни собири | IX 2022 до VII 2023 | БРО<br>Овластени провајдери<br>Општина<br>МОН | Годишни планови и програми | Посета на семинари | Практична примена на новите знаења и вештини во работата и во осовременување на наставата |

***Личен професионален развој***

Секој наставник води сопствено професионално досие за чиј надзор задолжени се директорот, стручните соработници, инспекторите од ДПИ, општинскиот просветен инспектор. Се следи и вреднува напредувањето на секој наставник преку однапред подготвени интерни критериуми од страна на стручната служба во училиштето. Наставниците се мотивирани за постојано посетување на разни семинари, обуки, конференции, регионални средби заради стекнување на нови искуства, сертификати.

***Хоризонтално учење***

Оваа година главен акцент ќе се стави на размената на професионално искуство на ниво на стручни актиив преку нагледни часови, отворени часови, размена на идеи и иксутства од претходните години , разгледување на видео снимки на различни делови од наставни часови, во рамки на курикулум, и особено внимавајќи на интеграција на повеќе предмети. Како ќе се реализира ова учење определуваат програмите на активите кои ќе станат дел од годишната програма.

### 20.4. Хоризонтално учење

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба односно еден од начините на професионален развој во училиштето е хоризонталното учење (наставниците учат едни од други ) и подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства, внатре во училиштето, како и помеѓу повеќе училишта.

Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови. Во тој поглед училиштето треба да подготви акциски планови во кои ќе се објаснети активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи. Се планираат различини видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку активите, со организирање на отворени часови, работилници, кои се планиранирани во програмите на стручните активи.

За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец.

**План за хоризонтално учење:**

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Посета на отворени и нагледни часови | Споделување искуства | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Адекватен избор на форми,методи , техники и наставнисредства |
| Меѓусебни консултации за имплементирање на новините во наставни програми | Споделување сознанија стекнати наобуките од страна на БРО | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Успешна реализација на програмите во наставата |
| Размена на дневни подготовки, нагледни средства и други материјали меѓу наставниците од нашето училиште | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставниот кадар | Во текот на целагодина | Користење соодветни ресурсиво наставата Подобрена тимска работа меѓунаставниците |
| Размена на искуства меѓу наставници од различни училишта и различни етнички заедници | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Зголемена соработка на локално ниво и почитување на мултикултурализмот |

***Критериумиза успех*** — тимска работа на наставниците која придонесува за имплементација на современи приоди во наставата, размена на примери на добра практика и спроведување активности од проектите кои се реализираат во училиштето

Учениците се оспособени самостојно да дејствуваат во еколошки и претприемнички дух и да соработуваат со другите етнички заедници во општеството.

***Инструменти*** –формулари за увид во годишни, тематски и дневни планирање и посетени часови

***Индикатор за успешност*** – изготвени годишни, тематски и дневни планирања со застапени современи наставни форми, методи и техники и имплементирани насоки за работа дадени од МОН и БРО

***Одговорен за следење*** – директор, стручни соработници, одговорни наставници

***Повратна информација*** –

-создавање клима за тимска работка меѓу наставниците

-преземање одговорност за соработка и почитување на индивидуалниот придонес на секој поединец во колективот

-развиен мултикултурен сензибилитет кај образовниот кадар и спроведени долгорочни и краткорочни активности во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

*Не може да имаме ученици кои континуирано учат и ефективно соработуваат, без наставници кои ги имаатистите тие карактеристики...“ Michael Fullan*

Оваа учебна година ќе се реализира програмата за кариерен развој на воспитно-образовниот кадар чија цел е реализирање на обврските и задолженијата на наставниците и стручните соработници преку готови изработени стручни компетенции и стандарди по кои ќе се реализираат работните задачи. Наставниците и стручните соработници прават самопроценка на компетенциите анализа на самопроценката како законска обврска и изготвување на Годишна програма за кариерен развој на ниво на училиште.

**Оваа учебна година ќе бидат понудени следните активности за професионален и кариерен развој на наставниците и стручните соработници**:

-семинари за измени од наставните планови и програми од страна на БРО;

-интерни обуки, предавања и работилници на стручни активи и наставнички совет, дисеминација на обуки на ниво на училиште за потребите за реализирање на наставата од далечина, комбинираната настава или редовната настава со физичкоприсуство;

-тренинг центри и др. конгрес конференции, студиска програма, стручно патување, вебинари, панел дискусија, симпозиуми, пленарно предавање, видео конференции,тркалезна маса и сл.

**Индивидуалното усовршување ќе се одвива преку:**

-следење на стручна литература, периодика, стручен печат, енциклопедии, консултација со експерти, интрернет, размена на искуства, соработка со колеги од други училишта од државата, анализа на видео снимки од наставни часови, рефлексивен деневник на учење, едукација на далечина. Колективни или колаборативни форми на стручно усовршување, заедничкиакциски истражувања, студија на случај, активности, менторска поддршка.

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и да учествуваат активно со свои забелешки и сугестии во работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родителите ( секој прв понеделник во месецот), вклучување во Советот на родители, Училишниот одбор.

Советот на родители се избира од редот на родителите кои не се вработени во училиштето, секоја паралелка има свој претставник, а тројца од Советот на родители се делегираат за претставници во Училишниот одбор.

За да се зајакнат капацитетите на дејствување на Советот на родители претходно се изготвува програма за работа, при што се детектираат состојбите во училиштето од типот на потребите на училиштето, дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, нивни идејни планови за организација на активности во училиштето, родителите учествуваат во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите, организирање на распоред за средби со родители и отворен ден за прием кои ќе бидат истакнати на огласна табла и др.

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите даваат мислења и сугестии за дополнување и изменување на секаков вид планирања, постојано се информирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба и учениците. Даваат подршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во учењето и посебно ги поддржуваат соработките за напредување на учениците–таленти. Семејствата помагаат во прибирање на дидактички матерјали, помагала и други наставни средства и материјали. Им даваат поддршка на наставниците за иновациите во наставата и помагаат при професионалната ориентација на учениците.

Родителите ќе ги подржуваат и активно ќе се вклучуваат во активностите за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите вонннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации,промоции и др.

Родителите се вклучени и партиципираат во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки,на родителските состаноци, преку совет на родители, училишна заедница, училишен одбор.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Во текот на учебната година се планираат и организираат едукативни работилници за родители, типизирани предавањаи третирање на теми преку соопштенија, брошура. Советодавно-консултативни работилници –индивидуални и групни, посета на семејства и др.

